# Прирачник за наставници

# за реализација на часовите по предметот

# Филозофија за деца за IV, V или VI одделение

Ко-финансирано од Европска Унија

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

**Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA“ не можат да сносат одговорност за нив.**

# Вовед

Овој Прирачник за наставници е изработен како дел од проектот „Филозофија со деца за поширока социјална инклузија (SOPHIE)“. Тој се состои од голем број концизно изработени сценарија за реализација на часовите по предметот Филозофија за деца за IV, V или VI одделение во основните училишта. Прирачникот обезбедува стимулирачки активности кои се јасно опишани и лесни за следење.

Овој Прирачник беше развиен со цел да обезбеди практични и иновативни упатства за успешно остварување на главните цели и задачи на часовите по Филозофија за деца. Имено неговата намена е развивање на критичко, креативно и грижливо мислење во рамките на класот како истражувачка заедница која дава поддршка во постигнувањето на овие цели. Фокусот не е насочен само кон зајакнувањето на индивидуалните капацитети на учениците, како што се: негувањето на чувството зачуденост, имагинацијата и љубопитноста; унапредувањето на нивото на самосвест и самодоверба; унапредувањето на отпорноста кон екстремизмот; подобрување на однесувањето и личната благосостојба - туку е насочен и кон унапредување на социјалните вештини, како што се негувањето на меѓусебното почитување и разбирање, соработката, емпатијата, општествената одговорност, солидарноста и праведноста; негувањето на општите вредности на рамноправноста, слободата, толеранцијата, мирот и недискриминацијата; и подобрувањето на потенцијалите за заедничко размислување, создавање иновации и истражување.

Во рамки на деветте теми, прирачникот вклучува конкретни чекори, пристапи и стратегии за успешно организирање и реализација на триесет и шест часови по Филозофија за деца. Темите опфаќаат широк опсег на филозофски теми и прашања: *Вовед во филозофија*; *Етика*; *Што и како постои?*; *Како знаеме дека нешто знаеме?*; *Убавина и уметност*; *Праведно општество*; *Јас и другите*; *Биоетика* и *Слободна тема*. Со цел на наставниците да им се овозможат повеќе опции за работа, голем број од сценаријата за часовите вклучуваат неколку алтернативи за реализација на часот. Секое сценарио се состои од: општи информации, очекувани резултати, корелација со други предмети/области и организација на часот со предложени активности.

Голем број од сценаријата за часовите директно се повикуваат на четирите иновативни дидактички материјали подготвени во рамките на проектот SOPHIE: „Мисловните авантури на Софи“ (книга со приказни и илустрации), „Филозофски мини-театар“ (збирка кратки филозофски театарски сценарија придружени со илустрации), „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (збирка приказни и задачи) и „Кој сум јас и кој си ти?“ (друштвена игра). Овие дидактички материјали се бесплатно достапни на веб-страницата на проектот SOPHIE

(www.projectsophie.eu) на четири јазици: англиски, македонски, грчки и словенечки.

Сценаријата за часовите ја следат наставната програма развиена во рамки проектот SOPHIE, но тие можат да се искористат во која било наставна програма што опфаќа слични теми, а не само во наставни програми директно поврзани со филозофијата со деца. На сценаријата за часовите треба да гледа само како на предложени идеи и упатства за наставниците, па оттука тие можат и треба да ги приспособат кон специфичниот контекст во својата училница и кон учениците со кои работат.

Се надеваме дека овој прирачник ќе им биде од голема полза во работата на наставниците по предметот Филозофија за деца во основните училишта и дека ќе инспирира нови идеи и активности за понатамошен развој на Филозофијата со деца.

**Тимот SOPHIE**

# *Сценарио 1.1.*

**Автор на сценариото:**

Мартин Поповски

**Тема:**

I. Вовед во филозофија

**Наслов на сценариото:**

„Чудните прашања и мисли“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Мало сунѓересто топче, блок и книга со приказни „Мисловните авантури на Софи“ со илустрации и задачи.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе го идентификуваат и анализираат поимот на филозофското мислење и истражување врз основа на внатрешното чувство на зачуденост и љубопитност. Со тоа ќе се воспостави цврста основа за реализација на претстојните часови преку идентификување и анализа на некои од темелните филозофски поими и методи, користејќи го чувството на зачуденост и љубопитност кај учениците како алатка за поттикнување на понатамошни дискусии.

**1б. Вештини**

Учениците ќе се оспособат да ја разбираат важноста на прашувањето, развојот на мислата и аргументацијата; како и важноста на конструктивниот, сочувствителен и трпелив дијалог.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик**: важноста на формулирањето идеи преку внимателно набљудување и креативно и промислено изразување. Важноста на читањето книги.

**Ликовно образование**: важноста на креативноста, љубопитноста и слободната мисла.

**Природни науки**: поимот на времето.

**Општество**: важноста на комуникацијата и соработката во општествата, како и важноста на следењето на општествените правила кои ги подобруваат.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Претставете им се на учениците и претставете им го „магичното микрофонско топче" (мало сунѓересто топче). Другите можат да го слушнат единствено ученикот што во моментот го има топчето кај себе, така што сите што го немаат топчето се придушени и не е можно да бидат слушнати. Ако е потребно, топчето може да се користи и на следните часови, сѐ додека учениците не научат да слушаат кога другите ученици зборуваат и да зборуваат само кога ќе им дојде редот.

Замолете ги учениците да се претстават еден по еден и да истакнат барем едно нешто што им се допаѓа или една работа што сакаат да ја прават. Замолете ги учениците да го проследат топчето на следниот ученик кога ќе завршат со своето излагање.

Претставете ги четирите правила што е потребно да се следат за време на часовите по филозофија:

1. Не плашете се да го кажете она што го мислите, бидејќи не постои такво нешто како погрешен одговор.
2. Многу размислувајте, но уште повеќе слушајте го она што другите го велат.
3. Слободно кажете дали се согласувате со нечие мислење или не, но бидете подготвени да објасните зошто.
4. Во ред е да го смените мислењето. Луѓето што никогаш не го менуваат своето мислење се оние што никогаш не размислуваат.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

**Алтернатива 1**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, што остава впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница - ова важи за целиот час.

На учениците прочитајте им ја приказната „Софи и чудните прашања“ од книгата со приказни „Мисловните авантури на Софи“. Читајте полека, правејќи кратки паузи кога приказната суптилно алудира на важни филозофски проблеми.

Започнете дискусија прашувајќи ги учениците дали приказната им била интересна, и ако им била, прашајте ги кој дел или кои делови им биле највпечатливи. Дајте им можност да ги објаснат своите одговори. За време на дискусијата сосредоточете се на ставовите на учениците без да ги наведувате на одредени заклучоци или да им наметнувате ставови и верувања кои тие самите не ги промислиле или не ги анализирале. Покажете им ги илустрациите од книгата на учениците секогаш кога тоа може да биде од полза при дискусијата и аргументирањето.

Употребете ги одговорите на учениците за продолжување на дискусијата така што ќе ги прашате другите ученици дали се согласуваат или не се согласуваат со мислењата на нивните соученици.

Дискусијата може да се развие во повеќе насоки. Овие насоки можат (но не е неопходно) да бидат поттикнати од или да водат кон следниве прашања:

* Дали некогаш си се воодушевил/а од нешто што возрасните го знаеле? Раскажи.
* Дали се случило некој возрасен да не знаел да одговори на некое твое прашање? Кое прашање било тоа?
* Дали има некое прашање чиј одговор многу те интересира, но јасен одговор не може да се најде на интернет? Кое е тоа прашање?
* Дали прашањето на Софи „Дали мачињата знаат дека се мачиња?“ го сметаш за „чудно“ прашање? Зошто?
* Можеш ли да дадеш одговор на прашањето „Што е времето“?
* Дали постои такво нешто како „најубава слика“?
* Дали понекогаш си поставуваш „чудни“ прашања? Може ли да споделиш некои од тие прашања?

**Алтернатива 2**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, што остава впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница - ова важи за целиот час.

На учениците прочитајте им ја приказната „Софи и кутијата со мисли“ од книгата со приказни „Мисловните авантури на Софи“. Читајте полека, правејќи кратки паузи кога приказната суптилно алудира на важни филозофски проблеми.

Започнете дискусија прашувајќи ги учениците дали приказната им била интересна, и ако им била, прашајте ги кој дел или кои делови им биле највпечатливи. Дајте им можност да ги објаснат своите одговори. За време на дискусијата сосредоточете се на ставовите на учениците без да ги наведувате на одредени заклучоци или да им наметнувате ставови и верувања кои тие самите не ги промислиле или не ги анализирале. Покажете им ги илустрациите од книгата на учениците секогаш кога тоа може да биде од полза при дискусијата и аргументирањето.

Употребете ги одговорите на учениците за продолжување на дискусијата така што ќе ги прашате другите ученици дали се согласуваат или не се согласуваат со мислењата на нивните соученици.

Дискусијата може да се развие во повеќе насоки. Овие насоки можат (но не е неопходно) да бидат поттикнати од или да водат кон следниве прашања:

* Дали се согласувате со Софи дека со своите мисли можеме да правиме сѐ што ќе посакаме?
* Дали можете да ги претставите вашите мисли? Ако можете, нацртајте ги во блокот!
* Софи понекогаш се чувствува осамено и неразбрано затоа што не може да сподели што размислува. Дали некогаш сте се почувствувале како Софи? Како сфативте дека така се чувствувате?
* Обидете се да замислите, а потоа и да раскажете, како се одвивал разговорот помеѓу Софи и Андреј!
* Кога еден човек станува „возрасен“?
* Кога еден човек станува висок и престанува да биде низок?
* На точно кое место сината боја во виножитото станува зелена, а на кое виолетова?

*** Забелешки за А1 и А2:**

Не е неопходно во текот на часот да се поминат сите прашања. Сосредоточувањето на личните филозофски склоности на учениците треба да биде еден од најважните аспекти на сите часови, а особено на првите два часа.

Ако има доволно време, во текот на часот можат да се реализираат обете алтернативи.

Ако сметате дека е посоодветно, за овој час можете да искористите некоја од следниве приказни од книгата „Мисловните авантури на Софи“: „Софи и мудроста“, „Нова година - нова јас“, „Приказните за дедо“ и „Случајно или нужно“.

**3в. Завршни забелешки**

Поттикнете кратка завршна дискусија и сумирајте ги различните мислења за темите за кои дискутиравте. На секој аргумент посветете му еднакво внимание. Дискутирајте, уважете и пофалете ги евентуалните промени во мислењето за време на часот, ако ги има, и дискутирајте за причините за таквите промени.

Прашајте ги учениците дали имаат други „необични“ прашања за кои би сакале да дискутираат во текот на следните часови. Запишете ги тие прашања, со цел да разговарате за нив кога за тоа ќе се укаже можност на некој од следните часови.

# *Сценарио 1.2.*

**Автор на сценариото:**

Мартин Поповски

**Тема:**

I. Вовед во филозофија

**Наслов на сценариото:**

„Мислење и аргументација“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Книга со приказни „Мисловните авантури на Софи“ со илустрации и задачи, листови хартија и моливи.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе ги идентификуваат и анализираат поимите на логичко мислење и аргументација. Ова ќе ги подготви за рационален, кооперативен и интелектуално чесен пристап во текот на следните филозофски дискусии.

**1б. Вештини**

Учениците треба да се оспособат да ја разбираат важноста на критичкото испитување и развојот на мислата, а исто така и на конструктивниот, сочувствителен и трпелив дијалог.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик:** Формулирање идеи по пат на внимателно набљудување и креативно и промислено изразување. Важноста на читањето книги.

**Математика:** Логичко мислење и расудување.

**Општество**: Важноста на социјалните правила и правилата за комуникација.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

Замолете ги учениците да помислат на една личност со која би сакале да разменуваат мислења и една личност со која не би сакале да разменуваат мислења. Потоа, замолете ги да земат лист хартија и да ги запишат причините зошто сакаат/не сакаат да разменуваат мислења со тие конкретни личности. Прашајте дали некои од учениците сакаат да ги споделат причините што ги запишале со другите од одделението.

Започнете кратка дискусија со сите други од одделението, прашувајќи ги: „Дали причините што вашите соученици ги наведоа се доволно силни за да тие сакаат/не сакаат да разменуваат мислења со некого?". Развијте ја дискусијата понатаму, прашувајќи ги: „Дали причините што вашите соученици ги споменаа се релевантни за вредноста на самите мислења на луѓето со кои тие сакаат/не сакаат да дискутираат?". За време на дискусијата сосредоточете се на ставовите на учениците без да ги наведувате на одредени заклучоци или да им наметнувате ставови и верувања кои тие самите не ги промислиле или не ги анализирале.

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

**Алтернатива 1**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, така што ќе остави впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница - ова важи за целиот час.

На учениците прочитајте им ја приказната „Софи и правилата" од книгата со приказни „Мисловните авантури на Софи". Читајте полека, правејќи кратки паузи кога приказната суптилно алудира на важни филозофски и логички проблеми.

Започнете дискусија прашувајќи ги учениците дали приказната им била интересна, и ако им била, прашајте ги кој дел или кои делови им биле највпечатливи. Дајте им можност да ги објаснат своите одговори.

Употребете ги одговорите на учениците за продолжување на дискусијата така што ќе ги прашате другите ученици дали се согласуваат или не се согласуваат со мислењата на нивните соученици. За време на дискусијата сосредоточете се на ставовите на учениците без да ги наведувате на одредени заклучоци или да им наметнувате ставови и верувања кои тие самите не ги промислиле или не ги анализирале. Покажете им ги илустрациите од книгата на учениците секогаш кога тоа може да биде од полза при дискусијата и аргументирањето.

Развијте ја дискусијата понатаму поттикнувајќи ги учениците да размислуваат и да ги споделат своите мислења за следниве прашања:

* Наведи едно правило кое, според тебе, најмногу треба да се почитува! Кое правило најмалку сакаш да го почитуваш?
* Дали правилата се важни? Дали се важни правилата во разговорот?
* Кое правило при разговарањето, според тебе, е најважно?
* Зошто Мила претпоставува дека Софи мрази мачиња?
* Дали мислењата на Мила, нејзината мајка, Марија, Ели и Лена се доволни за да се каже дека сите девојчиња повеќе сакаат мачиња отколку кучиња?
* Зошто Мила смета дека е важно да каже колку е сладок Тео?
* Дали е важно за разговорот тоа што Мила смета дека Софи е упорна и напорна?

**Алтернатива 2**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, така што ќе остави впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница - ова важи за целиот час.

На учениците прочитајте им ја приказната „Софи во стапица“ од книгата со приказни „Мисловните авантури на Софи“. Читајте полека, правејќи кратки паузи кога приказната суптилно алудира на важни филозофски и логички проблеми.

Започнете дискусија прашувајќи ги учениците дали приказната им била интересна, и ако им била, прашајте ги кој дел или кои делови им биле највпечатливи. Дајте им можност да ги објаснат своите одговори.

Употребете ги одговорите на учениците за продолжување на дискусијата така што ќе ги прашате другите ученици дали се согласуваат или не се согласуваат со мислењата на нивните соученици. За време на дискусијата сосредоточете се на ставовите на учениците без да ги наведувате на одредени заклучоци или да им наметнувате ставови и верувања кои тие самите не ги промислиле или не ги анализирале. Покажете им ги илустрациите од книгата на учениците секогаш кога тоа може да биде од полза при дискусијата и аргументирањето.

Развијте ја дискусијата понатаму поттикнувајќи ги учениците да размислуваат и да ги споделат своите мислења за следниве прашања:

* Што мислиш, зошто Софи не може да најде едноставен одговор, со „да“ или со „не“, на прашањата на Горан?
* Дали согледуваш нешто заедничко во двете прашања што Горан ѝ ги упатува на Софи?
* Како би постапил/а да си на местото на Софи во ситуацијата со необичните прашања?
* Што мислиш, зошто Горан не може да ѝ одговори на Софи дали последната реченица што е напишана на таблата е вистинита или лажна?
* Дали прашањата на Горан имаат поинаква природа од последното прашање на Софи?

**Забелешка за А2:**

Ако остане доволно време, замолете ги учениците индивидуално да ја исполнат задачата зададена на крајот на приказната „Софи во стапица“. Откако ќе ја завршат задачата, споредете ги одговорите на задачата кои тие ги дале и дискутирајте за потенцијалните разлики.

*** Забелешки за А1 и А2:**

Не е неопходно во текот на часот да се поминат сите прашања. Сосредоточувањето на личните филозофски склоности на учениците треба да биде еден од најважните аспекти на сите часови, а особено на првите два часа.

Ако има доволно време, во текот на часот можат да се реализираат обете алтернативи.

Ако, пак, сметате дека е посоодветно, за овој час можете да искористите некоја од следниве приказни од книгата „Мисловните авантури на Софи“: „Софи и ‘малите’ зборчиња“ и „Софи и необичниот ден“.

**3в. Завршни забелешки**

Поттикнете кратка завршна дискусија и сумирајте ги различните мислења за темите за кои дискутиравте. На секој аргумент посветете му еднакво внимание. Дискутирајте, уважете и пофалете ги евентуалните промени во мислењето за време на часот, ако ги има, и дискутирајте за причините за таквите промени.

Поттикнете кратка дискусија на мета-ниво во врска со прашањата: Дали се универзални правилата на мислењето и аргументацијата? Дали се важни? Ако се важни, тогаш зошто се важни?

# *Сценарио 2.1.*

**Автори на сценариото:**

Маја Вачун

Томаж Грушовник

**Тема:**

II. Етика

**Наслов на сценариото:**

„Дали секогаш мора да ја кажуваме вистината?”

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Листови со отпечатена приказна, листови за прашања, плико, молив, магнети, листови хартија, листови хартија со тврдења, проектор, табла и креда (ако е неопходно), боички.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе ја разберат и искусат вистината како вредност. Исто така, ќе ги разберат општествените и индивидуалните фактори кои придонесуваат кон создавањето на сликата за себе.

Размислувајќи и дискутирајќи за таканаречените „етички“ правила, но и за тоа што е праведно, правилно/погрешно дејствување во поглед на начелата, а не во однос на последиците, учениците ќе развијат критички став кон овие нешта.

**1б. Вештини**

Учениците ќе развијат критичко мислење во смисла на заземање ставови и образложување на причините за заземањето на овие ставови; ќе развијат способност за слушање, разбирање и ценење на ставовите и мислењата на другите ученици, како и способност за развивање на грижливо и колаборативно мислење.

## 2. Корелација со други предмети/области

**Мајчин јазик**: заменки, способност да се изразуваат комплексни идеи на мајчин јазик, поимот на личниот идентитет во книжевноста.

**Општество:** јас, општеството, јас во општеството и влијанието на општеството врз изградбата на личниот идентитет.

**Ликовно образование**: цртање.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, што остава впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница - ова важи за целиот час.

Охрабрете ги учениците да ја играат играта „расипан телефон". Кога ќе дојдат до крајот на кругот и последниот ученик ќе каже што тој/таа слушнала, започнете и водете дискусија, ползувајќи ги прашањата наведени подолу. Приспособете ги прашањата на ситуацијата: ако учениците увидат дека она што последниот ученик во кругот го кажал не е исто со она што кажал првиот ученик, прашањата користете ги буквално, без многу измени. Ако изјавата на првиот ученик е иста со изјавата на последниот ученик, тогаш едноставно приспособете го првото прашање на следниов начин: „*Ако ученикот X кажал нешто поинакво од она што го смисли ученикот Y, дали тоа значи дека лажел*?

**Прашања за започнување/водење филозофска дискусија:**

– *Дали X лажеше ако беше последниот/последната што гласно кажа нешто различно од она што Y го кажа на почетокот?*

– *Кога нешто е лага?*

– *Дали некогаш сте кажале лага? Како се чувствувавте поради тоа?*

– *Дали некогаш сте го слушнале изразот „невина/бела лага"? Може ли некој да даде пример?*

– *Дали некогаш сте го слушнале изразот „голема дебела лага" (анг. Big fat lie) или изразот "лажги со опашки"? Како би ги објасниле овие изрази? Може ли некој да даде пример?*

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

**Читање приказна, изразување впечатоци:**

Подгответе ја приказната *Кој е виновен?* (достапна како додатокот на ова сценарио). Приказната може да се репродуцира или проектира на компјутер, или,

пак, да се отпечати на хартија. Замолете ги учениците сите да прочитаат по една реченица. Откако ќе завршат со читањето, поттикнете ги учениците да кажат што им се видело интересно/необично во приказната и што би сакале да го истакнат.

**Методот четири ќошиња:**

Поставете четири листови хартија на четири места во просторијата (на маси, на под) со тврдења испишани на нив кои се однесуваат на приказната која штотуку беше прочитана. Потоа дајте им на учениците упатства за работа: учениците ги читаат тврдењата кои се поставени низ просторијата. Застануваат до тврдењето со кое најмногу се согласуваат. Опцијата „друго“ значи дека имаат различно мислење од понудените три во врска со тоа што би било правилно да се случи/направи во приказната.

**Тврдења:**

- *Јан требаше да излаже за да го заштити својот другар Тине.*
- *Јан требаше да каже дека соседот Петар го скршил прозорецот.*
- *Јан требаше да му рече на Тине да му ја каже вистината на својот татко.*
- *Друго.*

Кога сите ученици ќе го изберат тврдењето со кое најмногу се согласуваат, охрабрете ги да го објаснат својот избор. Поставувајте прашања со кои ќе ја поттикнете и олесните дискусијата, на пример:

- *Зошто најмногу се согласуваш токму со ова тврдење?*
- *Што те наведе на тоа да го избереш ова тврдење?*
- *Што те убеди дека ова тврдење е највистинито/најточно?*
- *Дали вие другите се согласувате со објаснувањето што Х го понуди за неговиот избор?*
- *Ја избра опцијата „друго“. Што мислиш дека би било правилно да се направи?*

**Работа во групи и дискусија – главна тема ЛАГА-ВИСТИНА, ПРАВИЛНО-ПОГРЕШНО**

Дајте упатства за работа во групи: секој ученик зема лист хартија од плико и го чита почетокот на реченицата. По читањето на почетниот дел од реченицата, секој ученик ја продолжува реченицата на свој начин. Од другите ученици во групата се бара да го изнесат своето мислење за она што нивниот соученик го кажал – дали се согласуваат или не се согласуваат со она што нивниот соученик би го направил, што тие би направиле... Вториот ученик зема ливче хартија откако претходното прашање е „одговорено“. Движете се од група до група, слушајќи ги учениците и поттикнувајќи ја дискусијата помеѓу нив.

**Реченици кои бараат продолжување:**

- *Да видев некој како краде, јас ќе...*
- *Да го видев својот другар како краде, јас ќе...*
- *Кога лажам...*
- *Да морам да излажам за да спасам нечиј живот, јас би...*
- *За мене, да се зборува вистина значи...*

- *Да знаев дека еден од моите соученици го излажал наставникот, јас би...*
- *Да морам да одлучам дали да кажам лага и така да се спасам од казна или да ја кажам вистината и да бидам казнет, јас би…*

**Цртање на најголемата лага**

Седнете повторно во круг заедно со учениците. Поттикнете ги да се сетат на најголемата лага што некогаш ја кажале некому. Потоа треба да замислат каков облик би имала таа лага и да го нацртаат. Конечно, седејќи во круг, го презентираат својот цртеж.

**3в. Завршни забелешки**

Евалуацијата на часот се однесува на процесот (мета-нивото), а не толку на содржината (учениците рефлектираат за тоа како размислуваат).

Поттикнете ги учениците да ги изразат своите впечатоци од денешниот час. Прашајте ги што правеле, дали научиле нешто, каде се сега во однос на тоа каде биле на почетокот на часот.

## ДОДАТОК

**КОЈ Е ВИНОВЕН?** (Автор: Маја Вачун)

Едно неделно попладне, Тине и Јан си подаваа топка во дворот на куќата на Јан. Во еден момент на невнимание, Тине ја шутна топката пресилно и премногу на страна, па таа отиде директно во прозорецот од кујната, а не во рацете на Јан. Се слушна само „бум, трес...“ и бучавата се прошири насекаде.

Тине се фати за глава, Јан ја покри устата со рацете, но пред да можеше да каже што било, на влезната врата се појави татко му на Јан. Веќе уморен од работата што мораше да ја заврши тоа неделно утро, а после која се имаше испружено на каучот пред телевизорот, тој збесна уште повеќе. „Што беше тоа? Јан, ти ли го скрши прозорецот? Колку пати ти имам кажано да не шутираш топка пред куќа?“

И пред Јан да донесе одлука дали да ја каже вистината и да го осуди својот другар, или да излаже и да ја прифати вината, татко му продолжи: „Остануваш дома цела недела – тоа е твојата казна! Оди сега веднаш во својата соба!“

Тине дури и да сакаше да каже дека всушност тој, а не Јан, го скршил прозорецот, таткото на Јан немаше да го слушне. Тој веќе беше во куќата, токму таму каде што се наоѓаше кога Тине ја шутна топката. Па така, и Тине и Јан останаа во своите соби – Јан затоа што мораше да биде таму, Тине затоа што чувствуваше дека сака да биде таму. Секој во својата соба, секој со своите сопствени мисли.

„Дали е исправно јас да ја преземам вината? Дали е праведно да го заштитам својот пријател?“ - се прашуваше Јан.

„Требаше ли да признам дека незгодата се случи по моја вина, а не на Јан? размислуваше Тине, лежејќи на својот кревет. „Но, тогаш сигурно ќе бев казнет. Моите родители ќе мораа да ја платат штетата, а јас ќе бев казнет да морам да останам затворен цела недела во собава.

„Нема да можам да одам во кино со Петар поради казната“, помисли Јан. „Ниту ќе можам да одам на тренинг в среда, ќе останам во собава гледајќи нагоре во таванот и мислејќи колку неправедно е сево ова. Од друга страна, ќе се чувствувам добро затоа што татко ми не му се лути на Тине и ќе бидам среќен затоа што барем тој ќе може да прави што ќе посака.“

„Не можам никако да го тргнам од умот кутриот Јан, кој поради мене се скара со татко му“, се измачуваше Тине. „Зарем нема да испаднам лажго ако не отидам кај таткото на Јан и не му објаснам што навистина се случи? Да знаеја моите родители, ќе ме казнеа за лажење исто како и за кршењето на прозорецот. Хмм... Што да сторам?“

Иако на Тине му беше дозволено да излегува од дома, да се забавува на игралиштето, да се јази на дрвјата и да прави што ќе посака, тој не се чувствуваше пријатно како претходно. Тежината на одговорноста затоа што направил нешто за што некој друг трпи казна го следеше на секој чекор. Тоа му тежеше, како на умот така и на срцето. Се јавуваше во многу форми и бои. И никогаш не беше пријатно.

Во следниот момент, кога Тине реши да појде до куќата на Јан, да тропне на вратата и да разговара со неговиот татко, чекорот му стана полесен, мислите послободни, а срцето ослободено од вина. Знаеше дека и Јан и татко му ќе го ислушаат и ќе го разберат она што сакаше да го каже. Тој беше подготвен да ги прифати последиците и да го продолжи своето пријателството со Јан.

# *Сценарио 2.2.*

**Автор на сценариото:**

Томаж Грушовник

**Тема:**

II. Етика

**Наслов на сценариото:**

„Како да постапиме?“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Листови хартија со хипоними и хипероними во плико; листови хартија со примери на морални проблеми и прашања-водилки; формулари со прашања и задачи.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе ги разберат општествените и индивидуалните фактори кои влијаат врз дејствувањето благодарение на што ќе бидат во состојба самостојно да ги анализираат моралните проблеми.

Размислувајќи и дискутирајќи за таканаречените „етички“ правила, но и за тоа што е праведно, исправно/погрешно дејствување, учениците ќе развијат критички став кон овие појави.

**1б. Вештини**

Учениците ќе развијат критичко мислење во смисла на заземање ставови и давање причини за нив; способност за слушање, разбирање и почитување на ставовите и мислењата на другите ученици, како и грижливо мислење и дух на соработка.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик**: хипоними, хипероними, способност да се изразуваат сложени идеи на мајчиниот јазик.
**Општество:** правда, заеднички живот, пријателство, прифатливи/неприфатливи дејствија.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Објаснете им на учениците дека денешниот час ќе биде посветен на размислување за тоа како е правилно да се постапи. За да го постигнат ова, ќе разговараат во групи за различни морални проблеми.

Подгответе листови хартија со хипоними и хипероними во плико. Секој хипероним има четири соодветни хипоними – постојат четири групи на соодветни хипо-/хипероними.

ПОДАРОК: букет, пакет (пратка), ѓердан, разгледница.

ХРАНА: супа, ориз, тестенини, пица.

ЕМОЦИЈА: тага, среќа, лутина, страв.

СПОРТ: натпревар, праведност, мамење, помагање.

Секој од учениците извлекува по еден лист хартија од пликото. Самите ученици одлучуваат кои хипо-/хипероними соодветствуваат и оттука се формираат групи (од пет ученици) во согласносност со нивните одлуки. Главната цел на оваа задача е да се практикува категоризација (критичко мислење) на поими кои би можеле да бидат морално релевантни, додека истовремено одделението се дели на помали групи.

Кога ученците ќе се поделат во подгрупи составени од пет члена, следува кратка дискусија поврзана со вежбата. Прашањата што може да им се постават се следниве:

- Како препознавте дека некои зборови припаѓаат во една група?
- Постои ли некој друг начин да се групираат зборовите?
- Дали ви се јавија некои асоцијации кога ги видовте зборовите? (Кои беа тие)?

*Забелешка 1: Приспособете го бројот на групите на хипоними и хипероними во согласност со бројот на учениците – се разбира, може да се додадат и повеќе групи. Исто така, во случај вкупниот број ученици во одделението да е полесно делив со број помал од пет, може да се отстранат зборови од групите на хипер-/хипоними. Ако има, на пример, 16 ученици кои треба да се поделат во помали групи, отстранете по еден хипоним од секоја група хипер-/хипоними, па така лесно ќе можат да се образуваат 4 групи.

*Забелешка 2: Ако учениците изнајдат сопствена категоризација, и тоа е во ред – не присилувајте ги зборовите да ги категоризираат „правилно“; сепак, во ваков случај прашајте ги зошто мислат дека зборовите соодветствуваат на начинот

на кој тие ги групирале – исто така, во краен случај, ако во една група има повеќе од пет поединци, треба да им се каже дека групите треба да ги сочинуваат само пет ученици и дека некој од групата треба да се премести во друга група.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

**Читање и дискутирање за морален проблем**

Поделете им на учениците листови хартија на кои се напишани моралните проблеми и прашањата-водилки – учениците од една група добиваат ист проблем, додека различните групи добиваат различни проблеми (во случај да има повеќе од 20 ученици во одделението, некои групи можат да работат на истиот морален проблем).

Прв проблем:

Една мајка сака да му купи зимска јакна на своето дете, затоа што оваа зима е многу студена. Но, кога доаѓа до продавница, сфаќа дека нема доволно пари за да ја купи јакната. Го прашува продавачот дали би можел јакната да ѝ ја продаде по пониска цена, но тој одбива. Бидејќи во продавницата има голем број купувачи и владее голем интерес за облеката, продавачот мора да го насочи своето внимание кон другите купувачи. Тоа ѝ дава можност на мајката да ја грабне јакната без да биде забележана.

Втор проблем:

Јаков има еден многу добар пријател, Михил, и една многу добра пријателка, Весна, но за жал Михаил и Весна не се сакаат. Михал го прашува Јаков дали денес сака да оди со него на игралиштето и Јаков му ветува дека ќе одат заедно. Но, тогаш Весна му се јавува на Јаков за да го праша дали сака да се дружи со неа и со нејзината нова другарка, за која мисли дека многу ќе му се допадне на Јаков. Се разбира дека Јаков сака да ја запознае новата другарка, но исто така сака и да го одржи ветувањето што му го даде на Михаил.

Трет проблем:

Марко, Роберт и Јана решиле заедно да испечат колачиња и да ги продаваат на локалниот пазар. Заработиле малку пари со кои решиле да купат грепки за лотарија. Марко и Роберт немале среќа со грепките, но Јана освоила велосипед.

Четврт проблем:

Семејството на Марта штотуку се врати од еден убав викенд: пешачење на планина и веслање по планинско езеро. Но, кога пристигнаа дома и Марта го

распакува својот куфер, таа одеднаш сфати дека по грешка зела книга од хотелската соба, а никој тоа не го забележал.

Од учениците најпрвин побарајте гласно да го прочитаат текстот во рамките на својата група – на пример, секој ученик да прочита по една реченица. Ако е потребно, можат и да го препрочитаат проблемот. Дајте им малку време за размислување, а потоа поттикнете ги да се обидат да одговорат на следниве прашања:

- На колку различни начини би можела да се продолжи приказната?
- Кои се разликите помеѓу таквите различни продолженија?
- Ако би требало да бидеш еден од ликовите во приказната, кој лик би бил/а?
- Што би направил/а кога би бил/а еден од ликовите во приказната?
- Ако некој друг ја прочита оваа приказна, што би го прашале за неа?

Откако учениците ќе завршат со дискусијата за проблемот во рамките на своите групи, тие ги претставуваат проблемите, своите одговори на прашањата-водилки, а потоа дискутираат за нив со целото одделение. Ако остане доволно време, можат да ја спроведат и следната активност:

**Пополнување формулари со прашања и задачи**:

Откако секој ученик/ученичка ќе го пополни формуларот (достапен како додаток на ова сценарио), тие можат да ги споделат своите размислувања со другите ученици.

### 3в. Завршни забелешки

Евалуацијата на часот се однесува на процесот (мета-нивото), а не толку на содржината (учениците рефлектираат за тоа како размислуваат).

Поттикнете ги учениците да ги изразат своите впечатоци од денешниот час. Прашајте ги што правеле, дали научиле нешто, каде се сега во однос на тоа каде биле на почетокот на часот.

# ДОДАТОК

**ФОРМУЛАР со прашања и задачи**:

1. *Штиклирај го соодветното поле во врска со постапките наведени подолу – ако мислиш дека никогаш не се прифатливи, штиклирај „никогаш“, ако мислиш дека се понекогаш прифатливи, штиклирај „понекогаш“, ако мислиш дека секогаш се прифатливи, штиклирај „секогаш“. Ако сакаш можеш да ги објасниш своите одговори или да наведеш примери на линиите подолу.*

| | никогаш | понекогаш | секогаш |
|---|---|---|---|
| *удирање | [ ] | [ ] | [ ] |

Потенцијално објаснување или пример:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

| | никогаш | понекогаш | секогаш |
|---|---|---|---|
| *помагање | [ ] | [ ] | [ ] |

Потенцијално објаснување или пример:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

| | никогаш | понекогаш | секогаш |
|---|---|---|---|
| *мамење | [ ] | [ ] | [ ] |

Потенцијално објаснување или пример:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

| | никогаш | понекогаш | секогаш |
|---|---|---|---|
| *крадење | [ ] | [ ] | [ ] |

Потенцијално објаснување или пример:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

__________

| | никогаш | понекогаш | секогаш |
|---|---|---|---|
| *позајмување | [ ] | [ ] | [ ] |

Потенцијално објаснување или пример:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

| | никогаш | понекогаш | секогаш |
|---|---|---|---|
| *давање на заем | [ ] | [ ] | [ ] |

Потенцијално објаснување или пример:

2. *Напиши ги своите одговори на линиите – не постојат точни или неточни одговори:*

*Што е најдоброто нешто што можеме да им го направиме на нашите пријатели?

*Што е најлошото нешто што можеме да им го направиме на нашите пријатели?

* Дали со непознатите би требале да се однесуваме поинаку отколку со пријателите? Наведи примери:

3. *Поврзи ги зборовите од двете колони – повторно, не постојат точни или неточни поврзувања, и еден збор од едната колона може да одговара на повеќе зборови од другата колона. Ако сакаш, можеш да го објасниш својот избор на линиите подолу:*

| | |
|---|---|
| Услуга | Насмевка |
| Храброст | Пријател |
| Љубезност | Поздрав |
| Болка | Опасност |
| Ракување | Насилство |
| Учтивост | Учител |
| Страв | Животно |

# *Сценарио 3.1.*

**Автор на сценариото:**

Деспина Верѕагиа

**Тема:**

III. Што и како постои?

**Наслов на сценариото:**

„Начини на постоење и својства на предметите“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Слики, текст/поема, мултимедиа, прибор за сликање, фотографии, дидактички материјал – „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

1. **Очекувани резултати**

   **1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе бидат во состојба да разликуваат стварни и замислени суштества, примарни и секундарни својства на предметите и ќе бидат во состојба да го разликуваат автономното постоење на математички поими од постоењето на материјалните/физичките предмети. Ќе бидат во состојба да ја препознаат разликата меѓу начинот на кој постојат предметите и апстрактните поими и ќе ја подобрат својата способност за класифицирање/категоризација на поимите.

**1б. Вештини**

Учениците ќе развијат способности за водење значаен и сериозен дијалог. Ќе бидат во состојба да ги изразуваат личните перспективи без страв, како и да учествуваат во кооперативни активности и во групни обиди за решавање проблеми. Освен тоа, учениците ќе ја подигнат свеста за прашањата од општествен интерес (човечкото достоинство, инхерентната еднаквост меѓу луѓето, почитта кон постарите лица, прифаќањето на различноста, толеранцијата).

2. **Корелација со други предмети/области**

**Математика:** Аритметички и геометриски поими.
**Мајчин јазик:** Граматичка анализа – препознавање именки.
**Ликовно образование:** Сликање и анализа на слики.
**Општество:** Интринсична еднаквост меѓу луѓето, човечко достоинство, почит кон човечките суштества, почитување на различноста, почит кон постарите лица.
**Работа со компјутер и основи на програмирањето:** Интернет пребарување за пронаоѓање на информации и слики.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

**Алтернатива 1**

Распоредот на клупите да биде таков што сите ученици ќе можат меѓусебно да се гледаат.

Од учениците да се побара на лист хартија да напишат:
а) нешто што се наоѓа во училницата,
б) нешто што порано се наоѓало во училницата, но веќе не се наоѓа,
в) нешто што никогаш не би можело да биде во училницата, и
г) нешто што тие би сакале да го имаат во училницата.

Секој ученик на сите останати ученици да им го покаже својот одговор на барањето (а), а потоа да се дискутира дали сите се согласуваат дека овие предмети навистина се во училницата и дека постојат. Потоа учениците да го споделат својот одговор на барањето (б) и да дискутираат дали сите ги паметат споменатите предмети, дали тие и понатаму постојат и дали тоа што ги паметат на некој начин прави да постојат. На крајот, учениците да го споделат своите одговори на барањата (в) и (г) и да ги распределат своите одговори во две групи: стварни и замислени предмети. Да разговараат дали тие постојат, дали би можеле да постојат и зошто ние можеме да мислиме на нив и да ги посакуваме.

**Алтернатива 2**

Учениците да прочитаат поема или текст што им е даден на почетокот на часот, а кој содржи именки што означуваат како стварни (на пример, маса, јаболко), така и замислени објекти (на пример, Пегаз, змеј, сирена), но исто така и апстрактни поими и емоции (на пр., правда, радост). Од нив да се побара да ги заокружат именките во текстот. Своите одговори да ги споделат со другите ученици, за да се пронајдат сите именки. Еден ученик да ги запишува на табла.

Другите ученици да изберат една од именките на таблата и да ја нацртаат. Откако ќе ја нацртаат, да го покажат цртежот и да објаснат зошто избрале да го нацртаат токму тој предмет.

Потоа следува дискусија на темата: Дали сите тие предмети се стварни? Зошто ни е полесно да ги нацртаме стварните предмети?

Потоа сите заедно да се обидат да нацртаат апстрактен поим (на пример правда) и да дискутираат кога таа постои, а кога не, дали би требала секогаш да постои, како тие ја доживеале.

*Забелешка: Поттикнете го учеството на сите ученици со прашања што даваат поддршка, со цел сите да учествуваат во дијалогот и да го збогатат со своите лични ставови и искуства. Збор треба да му се даде на секој ученик поединечно, а не сите да зборуваат одеднаш.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

**Главна тема I: Дали постојат математичките поими?**

**Алтернатива 1:**

Од учениците да се побара да нацртаат два различни тркалезни или сферични предмети, еден природен и еден создаден од луѓето. Да ги покажат своите цртежи и еден ученик да ги запише нацртаните предметите на табла. Учениците треба да се поттикнат да не се двоумат да ги споделат своите цртежи со другите.

Потоа да разговараат за тоа врз кој облик се засновани сите нацртани предмети и дали тој облик постои надвор од овие предмети.

Потоа од учениците да се побара да именуваат други геометриски облици и да размислат дали тие постојат во природата или во предметите создадени од човекот, како и дали можеме да мислиме на нив без да кога било сме ги виделе.

**Алтернатива 2:**

Прашајте ги учениците дали некогаш виделе животно X. Потоа побарајте од нив да помислат на голем број такви животни, па дискутирајте за тоа како можеме да мислиме на толку многу животни одеднаш, кога никогаш претходно ги немаме видено.

Учениците да се обидат да образложат како можат да ги разберат броевите без да ги поврзат со конкретни предмети. Дали се тие нешто одделно од самите предмети?

**Главна тема II: Примарни и секундарни својства**

**Алтернатива 1:**

Покажете слика на дрво во сите четири годишни времиња и поставете ги следниве прашања:

1) Дали се работи за истото дрво?
2) Кои нешта се исти за дрвото во сите годишни времиња?
3) Дали можеме да замислиме потполно различно дрво кое сè уште би било дрво?
4) На крајот на краиштата, што е дрво?

Учениците да се замолат да се поделат во две групи. Едната група да се преправа дека е од Марс и дека никогаш не виделе дрво. Другата група да биде од Земјата и да се обиде на „марсовците“ да им објасни што е дрво.

Првата група да се обиде да ја предизвика втората со разни прашања за тоа што е дрво, а втората група да се обиде најдобро што може да објасни што е дрво.

**Алтернатива 2:**

Покажете фотографии на една личност како бебе, во детството, младоста и староста. Поставете ги следниве прашања:

1) Зошто на сите фотографии се наоѓа истата личност?
2) Што е заедничко за сите возрасти, а што се менува?
3) Кои разлики постојат кај различните возрасти?
4) Дали кон таа личност треба да се однесуваме со почит на секоја различна возраст?

Поттикнете бура на идеи за различните карактеристики што човечките суштества можат да ги имаат, но сè уште да се човечки суштества. Од учениците побарајте идеи и заклучоци за тоа што се човечките суштества и кои нешта се заеднички за сите човечки суштества.

***Забелешка за ГТ1 и ГТ2:**

Ако сметате дека е погодно за овој час, можете да користите делови од специјализираниот дидактички материјал за Филозофија со деца „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

**3в. Завршни забелешки**

Поттикнете кратка дискусија за засебното постоење на броевите и геометриските облици во умот, како и за примарните и секундарните својства на предметите и на човечките суштества. Проверете дали учениците го разбираат ова.

**Домашна работа:**

**Алтернатива 1:** Побарајте од учениците на интернет да најдат слики на кучиња од шест различни раси и да се обидат да напишат дефиниција за куче што ќе важи за сите раси.

**Алтернатива 2:** Побарајте од учениците да нацртаат шест луѓе со различни карактеристики и да ги запишат сличностите меѓу нив.

# *Сценарио 3.2.*

**Автор на сценариото:**

Деспина Верѕагиа

**Тема:**

III. Што и како постои?

**Наслов на сценариото:**

„Апстрактни поими и поимот на материјата“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Слики, текстови-раскази, мултимедија, прибор за сликање, картички со зборови, кутија, дидактички материјал – „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

1. **Очекувани резултати**

   **1а. Поимно разбирање**

   Учениците ќе бидат во состојба да идентификуваат апстрактни поими и да размислуваат за етички концепти и за нематеријални ентитети.

   **1б. Вештини**

   Учениците ќе го развијат креативното мислење и имагинацијата, ќе бидат во состојба заеднички да контемплираат, да соработуваат во различни активности и да споделуваат мислења за прашања од заеднички интерес. Исто така, ќе бидат во состојба да ги изразуваат сопствените гледишта, да прифаќаат поинакви гледишта и да согледаат како тие го унапредуваат сопственото разбирање на нештата.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик:** Создавање и разбирање на пишани текстови.

**Ликовно образование:** Цртање и анализирање на слики.
**Општество:** Симулација на изборен процес и гласање. Верска толеранција.
**Природни науки:** Поимот на материјата.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

**Алтернатива 1:**

Објаснете им ги на учениците правилата на играта. Поделете ги во две групи. Во една голема кутија ставете картички со следните зборови: правда, вистина, солидарност, чесност, простување, Бог, пријателство, храброст, мудрост (итн.). Секоја група треба да извлече три (3) картички и ќе може да има кратка консултација со вас за значењето на овие зборови. Секоја група може со вас да се консултира два (2) пати во врска со значењето на зборовите и да побара нивно објаснување. Потоа секоја група треба да избере свој секретар. (продолжува во главниот дел).

**Алтернатива 2:**

Покажете слики или читајте раскази кои прикажуваат, претставуваат или симболизираат апстрактен поими или ентитети какви што се: Бог, мир, мудрост, пријателство, храброст (итн.). Замолете ги учениците да ги изразат своите гледишта за тоа што сликата или приказната претставува или сака да прикаже и запишете ги клучните зборови на табла. Обидете се на учениците да им помогнете во пристапот кон апстрактните етички поими и апстрактни ентитети. Овие зборови ќе се користат во главниот дел на овој час.

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

**Алтернатива 1:**

Побарајте од учениците од секоја група да им го објаснат значењето на зборот на првата картичка на учениците од другата група, без да го изговорат самиот збор. Можните начини на објаснување се: 1) вербален: преку усно објаснување 2) визуелен: преку цртеж 3) физички: преку пантомима.

Секоја група треба заеднички да го избере членот или членовите кои треба да го претстават поимот од картичката. Секој ученик може само еднаш да учествува во активноста.

На крајот од секоја презентација, другата група има три (3) минути за кратка консултација, а секретарот на тимот на лист хартија траба да напише три (3) збора, за кои тимот верува дека соодветствуваат со зборот претставен од првата група. Процесот продолжува наизменично сѐ додека не се завршат презентациите на шесте (6) збора.

Откако шесте (6) презентации ќе завршат, секретарите треба наизменично да ги објават своите три (3) одговори на секоја од презентациите на другата група.

Секоја група треба да образложи зошто секој збор бил претставен токму на начинот на кој бил претставен, а потоа целото одделение заеднички да дискутира дали презентациите одговараат на содржината на поимите.

**Алтернатива 2:**

Замолете ги учениците да се поделат во парови. Секој пар треба да избере еден од зборовите напишани на таблата и тивко да разговара за неговото значење, и да запишува белешки од разговорот.

Потоа побарајте од секој од учениците да направи цртеж или да напише краток расказ со што ќе го претстави значењето на поимот, како и неговите својства. Потоа, секој ученик треба да ги покаже сликата или расказот на другиот член на парот.

Секој ученик треба да го разгледа/прочита цртежот/расказот што го добил од другиот член на парот. Потоа тој или таа треба да го прочита расказот на глас пред класот или да го претстави цртежот, споделувајќи ги сопствените размислувања за причините што неговиот или нејзиниот соученик го навеле дадениот поим да го долови токму на тој начин.

***Забелешка за А1 и А2:**

Ако сметате дека е погодно за овој час, можете да користите делови од специјализираниот дидактички материјал за Филозофија со деца „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

**3в. Завршни забелешки**

Резиме: Дискутирајте зошто е потешко да се опишат нематеријалните поими отколку материјалните предмети. Дискутирајте за поимите на материјалност и на нематеријалност.

**Домашна работа:**

Замолете ги учениците со пребарување на интернет, во книги, енциклопедии, стрипови итн., да најдат слики што го претставуваат поимот Бог на различни начини. На следниот час тие слики ќе се искористат за да се изработат колажи со наслов: „Боговите на луѓето“.

# *Сценарио 4.1.*

**Автор на сценариото:**

Деспина Верѕагиа

**Тема:**

IV. Како знаеме дека нешто знаеме?

**Наслов на сценариото:**

„Знаење, мнение, верување“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Слики, текст, мултимедија, гласачка кутија, колаж, студија на случај од дидактичкиот материјал – Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе можат да разликуваат знаење, мнение и верување и исто така ќе можат да ја препознаат познавателната вредност на науката, како и да ја разберат важноста на доказот. Освен тоа, учениците ќе можат да контемплираат етички дилеми.

**1б. Вештини**

Учениците ќе развијат критичко размислување, наспроти неиспитаните верувања и предрасуди и ќе сфатат дека нивното мнение не е секогаш точно. Ќе ги почитуваат мненијата и верувањата на другите, а во исто време ќе бидат критички настроени кон нив. Ќе бидат во состојба да ги пренесат своите мненија на другите, како и да аргументираат со цел да го поддржат своето мнение.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик:** Когнитивни глаголи.

**Ликовно образование:** Колаж.
**Математика:** Валидноста на математиката.
**Природни науки:** Научниот метод.
**Општество:** Симулација на изборен процес, референдум, броење гласови, испитување на јавното мнение.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

Замолете ги учениците да ги залепат сликите што ги нашле за време на домашната задача зададена часот „Апстрактни поими и поимот на материјата“ на едно големо парче картон. Насловот на колажот да биде „Боговите на луѓето“. Потоа следува кратка дискусија за различните религии кои се појавиле низ историјата и кои постојат денес.

Напишете ги следните реченици (или некои слични на нив) на таблата, оставајќи празно место за глаголот. Објаснете некои фактички информации за имињата:

Џафар… во Алах.
Катерина … во Исус Христос.
Перикле … во Зевс, Посејдон и Афродита.
Клаудиј….во Сатурн и Јунона.
Зишуан …. во Буда.
Сарасвати …. во Вишну, Брахма и Шива.
Бренда …. во Один, Тор и Локи.
Гјаси ….во Озирис, Анубис и Исис.

Замолете ги учениците на лист хартија да го напишат зборот што мислат дека недостасува во речениците. Замолете ги учениците во исто време да ги подигнат своите листови и да го покажат глаголот што го избрале. Ако некој има збор поинаков од глаголот „верува“, ќе треба да го објасни и да го аргументира својот избор.

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

**Алтернатива 1:**
Побарајте од еден ученик/ученичка на глас да прочита текст кој содржи неколку когнитивни глаголи (верува, мисли, смета, знае, просудува, докажува итн.) Потоа развијте дискусија за нивното значење, што вклучува прашања како што се:
1) Која е разликата меѓу „мислам“ и „знам“?
2) Која е разликата меѓу „верувам“ и „знам“?
3) Која е разликата меѓу знаење и мнение?

Побарајте од учениците да напишат три (3) различни реченици:
1) една за нешто што се знае со сигурност и што е поврзано со математика, физика или со некој историски настан;
2) една за нивното верување во некој натприроден ентитет или религија;
3) една за нивното мнение во врска со некоја филозофска тема.

Замолете ги сите учениците да споделат само една од овие реченици, забележувајќи го бројот на ученици кои ја избрале секоја од категориите. Дискутирајте за природата на најбројната категорија реченици што учениците ги избрале да ги споделат, како и за врската на таа категорија со другите две категории. Продолжете ја дискусијата прашувајќи дали е полесно да зборуваме за нешто што го знаеме, или пак за нешто во што веруваме или за што имаме мнение.

**Алтернатива 2:**

Раскажете ја студијата на случај што се однесува на етичката дилема поврзана со ширењето на пожарот од дидактичкиот материјал – „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“. Забележете ги можните решенија на дилемата на табла и дискутирајте за нив со учениците. Потоа побарајте од учениците да изберат едно од двете постапки со цел да ја разрешат дилемата. Учениците тајно гласаат за својот избор уфрлувајќи парче хартија во гласачката кутија. Потоа треба да биде назначена изборна комисија која ќе ги преброи гласовите. Ако резултатот е едногласен, тогаш ќе се дискутира за прашањето дали сè уште се работи за мнение, или пак резултатот станал знаење за она што е етички исправно. Ако резултатот не е едногласен, тогаш ќе се дискутира за прашањето зошто имаме различни мислења за тоа што е етички исправно.

Напишете лесна математичка равенка на табла и замолете ги учениците да земат парче хартија на кое ќе го напишат резултатот. Потоа дискутирајте за тоа дали резултатот што го напишале е нивно мнение, или, пак, е нешто поинакво и посилно од едноставно верување или мнение.

***Забелешки за А1 и А2:**

Двете алтернативи можат да се комбинираат.

Ако сметате дека е погодно за овој час, можете да користите делови од специјализираниот дидактички материјал за Филозофија со деца „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

**3в. Завршни забелешки**

Направете резиме за разликите меѓу верувањето, мнението и знаењето. Дискутирајте за 1) веродостојноста на науката (на пример: математиката, медицината), 2) почитувањето на различните мненија (на пример: решавање на етичката дилема за ширењето на пожарот), 3) верската толеранција (разликата меѓу верата и науката).

**Домашна работа:**

Побарајте од учениците да направат прашалник со три (3) прашања по сопствен избор со два можни одговора - „да“ или „не“. Потоа прашалникот да го спроведат со три члена од нивното семејство, пријатели или соученици, и да ги забележат резултатите.

# *Сценарио 4.2.*

**Автор на сценариото:**

Деспина Верѕагиа

**Тема:**

IV. Како знаеме дека нешто знаеме?

**Наслов на сценариото:**

„Сетилни илузии“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Слики што создаваат оптички илузии, мултимедија, кутија со предмети, бонбони, сферичен предмет (глобус, топка), текст од дидактичкиот материјал – „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе бидат во состојба да откријат кои сетилни и ментални процеси ги користат за да воспириемаат предмет или појава и ќе ги искусат и сфатат сетилните илузии. Тие можат да ги разликуваат сетилното и менталното восприемање.

**1б. Вештини**

Учениците ќе ги прошират своите критички способности и ќе стекнат свест за сетилните попречености.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик:** Глаголи и именки поврзани со сетилата.

**Ликовно образование/Творештво:** Колаж, цртање, уметничка изработка, анализа на слика, визуелна репрезентација.
**Природни науки:** Поимот растојание.
**Општество:** Сетилни попречености.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

Напишете ги следните глаголи на таблата: а) гледа, б) слуша, в) мириса, г) допира, д) вкусува. Обезбедете кутија со еднаков број предмети во неа со бројот на учениците во одделението. Кутијата може да содржи предмети како што се: памук, примерок од парфем, парче ткаенина, плишано животно, фотографија, мала музичка кутија, лампа итн. Секој ученик треба да земе по еден предмет од кутијата. Заедно со предметот учениците добиваат и бонбони со различни вкусови (секој ученик добива по една бонбона).

Од секој ученик/ученичка побарајте да го опише предметот и бонбоната што ги добиле, нагласувајќи дали секој информација што ја даваат е а) видена б) помирисана в) слушната г) допрена д) вкусена. Покрај секој глагол забележете колку пати е спомнат. Потоа учениците покрај секој глагол треба го напишат името на сетилото (вид, слух и сл.). Дискусијата продолжува околу тоа кое сетило е најчесто користено и најважно и кое сетило учениците сметаат дека им е најпотребно. Во таа насока можат да бидат искористени следниве прашања:

- Во отсуство на кое сетило животот би ви бил потежок?
- Кое сетило мислиш дека најмногу го користиш во секојдневниот живот?
- Дали понекогаш сакате да исклучите некое од сетилата?

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

Покажете им на учениците неколку познати илузии и побарајте од нив да го опишат она што му се случува на нивниот вид. Такви илузии се оние каде што задницата на сликата исчезнува, потоа фокусирањето на заматена и подвижна слика, слики со повеќе точки, слики на кои се менуваат боите при фокусирањето, слики во кои не е можно да се фокусираат одредени елементи, слики во кои исти бои изгледаат различно во зависност од задницата, положбата итн. Примери за вакви илузии можете да најдете овде: <https:/ /www.tilestwra.com/15-sinarpastikes-ofthalmapates-pou-xegeloun-mialo>
Дискутирајте за тоа што се случува во секој од овие случаи.

Потоа покажете две слики. Една во која сите не ја гледаат истата боја (#dressgate; #shoegate) и една од типот „која слика ја видовте прва?“. Примери можете да најдете овде:
<https://filoitexnisfilosofias.com/ποια-εικόνα-είδες-πρώτη-το-ψυχολογικό>

Потоа спроведете „анкета“ и разговарајте за резултатите.

Откако ќе завршите со овие активности, поставете ги следниве прашања како предмет за дискусија:

- Дали можеме да се потпреме на сетилото за вид?
- Дали сите го гледаме истото нешто?
- Можеме ли да бидеме сигурни во она што го гледаме?
- Дали некогаш сте виделе нешто што не постои и сте помислиле дека навистина го имате видено?

Кога дискусијата ќе заврши, посочете голем сферен предмет (на пример глобус или топка) и прашајте ги учениците дали тој е поголем од Сонцето и дали можат да објаснат кое сетило го користат за да го сфатат тоа. Потоа прикажете фотографија на еден зумиран (зголемен) и одзумиран (намален) предмет. Водете ја дискусијата со помош на следниве прашања: Дали се промени големината на предметот или се случи некоја друга промена? Како можеме да ја утврдиме големината на еден предмет?

Потоа, на таблата нацртајте два круга со различни големини. Прашајте ги учениците кој е поголем. Потоа прашајте ги дали ги имаме сите информации за да бидеме сигурни за нивната големина (на пример растојание).

***Забелешка:**

Ако сметате дека е погодно за овој час, можете да користите делови од специјализираниот дидактички материјал за Филозофија со деца „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

**3в. Завршни забелешки**

Дискутирајте за прашањето дали за да ја сфатиме стварноста се потпираме само на нашите сетила или не, како и дали треба да ја доведуваме до прашање веродостојноста на нашите сетила.

**Домашна задача**:

Поделете ја деталната и едноставна транскрипција на Митот за пештерата од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“. Побарајте од учениците да го прочитаат митот дома и да подготват негова визуелна претстава (слика, уметничка изработка, колаж). Во текот на следниот час може да се спроведе кратка дискусија за тоа како митот е поврзан со проблемот на веродостојноста на сетилата.

Замолете да се пријават двајца ученици кои би сакале да подготват мини-театарска претстава за почетокот на следниот час. Изберете ученици кои ќе бидат во можност да имаат заеднички проби и да ги подготват реквизитите (ученици кои се блиски пријатели и живеат близу еден до друг). Ако се работи за девојче и момче, обезбедете им го сценариото „Бубавина“. Ако се две девојчиња обезбедете им го сценариото „Вкускенбал“, а ако пак се две момчиња, обезбедете им го сценариото „Пекинезер и одмор“.

# *Сценарио 5.1.*

**Автор на сценариото:**

Мартин Поповски

**Тема:**

V. Убавина и уметност

**Наслов на сценариото:**

„Што е убавина?“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

ИКТ (компјутер, проектор или паметна табла), дидактички материјал „Филозофски мини-театар“, реквизити потребни за мини-театарската претстава, илустрации.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе бидат во состојба да ги идентификуваат и анализираат поимите убавина и грдост во природата, во општеството (заедничкото живеење) и во сите нешта кои можат да се наречат „убави/грди“. Ќе бидат во состојба да ги лоцираат изворите на убавината/грдоста (Каде се наоѓа убавината/грдоста? Дали убавината/грдоста е објективна или субјективна?) и ќе бидат во состојба да ги дефинираат и анализираат критериумите за убавина/грдост, зависно од индивидуалните сензибилитети и општествените или културолошки разлики. Исто така, учениците ќе бидат во состојба да го препознаат значењето на убавината во нашата околина, култура, како и нејзиното влијание врз општествените односи и личниот живот. Тие, исто така, ќе бидат во состојба да ја истражуваат врската меѓу убавината и добрината.

**1б. Вештини**

Учениците ќе развијат способност да ги слушаат, разбираат и почитуваат стојалиштата и мненијата на другите ученици и ќе развијат почит кон уметноста како израз на идеи и убавина.

## 2. Корелација со други предмети/области

**Творештво**: Поимот на убавината во театарот и модата.
**Мајчин јазик:** Поимот на убавината во книжевноста.
**Општество:** Влијанието на убавината врз општествените односи.
**Природни науки:** Убавината во природата и нејзиното влијание врз заедничкото живеење.
**Математика:** Корелацијата меѓу убавината и пропорцијата.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

Поканете ги двајцата ученици избрани на крајот од претходниот час да истапат пред одделението и да ја изведат мини театарската претстава што ја имаат подготвено според сценариото од дидактичкиот материјал „Филозофски мини-театар“. Пред да започнат со претставата, помогнете им да ја постават сцената, обезбедувајќи им доволно простор во училницата.

На почетокот на претставата преземете ја улогата на наратор и прочитајте го воведниот пасус од сценариото. Додека учениците глумат, проектирајте ги зад нив илустрациите кои одат заедно со сценаријата (на екран за проектор или на паметна табла). Погрижете се менувањето на илустрациите на заднината да ја следи приказната на претставата. Ако е потребно, може да играте улога на суфлер, или, пак, учениците-актери можат да ги имаат текстовите на сценаријата на дофат на рака, ако им затребаат.

*Забелешка: Во случај еден од двајцата ученици да отсуствува, заземете го местото на отсутниот ученик и изведете ги неговите/нејзините реплики од сценариото. Во случај и двајцата ученици да се отсутни, побарајте ученик доброволец за да го прочитате сценариото на глас заедно со него/неа.

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

Заблагодарете им се на актерите со аплауз и замолете ги да седнат на своите места. Започнете првична дискусија со учениците за нивните први впечатоци од претставата што ја погледале и прашајте ги дали некои делови од претставата им оставиле впечаток и ги поттикнале на размислување.

**Алтернатива 1 „Бубавина“:**

Ако е можно, учениците нека седнат во полукруг (отворен кон таблата/проектираната илустрација) каде што и вие (наставникот) ќе бидете дел од истиот полукруг, со што се создава впечаток дека наставникот игра еднаква улога во истражувачката заедница. Втората илустрација од мини-сценариото „Бубавина“ (каде што лебарката стои во близина на цветот) нека биде проектирана во текот на дискусијата, за учениците и наставникот да можат да се повикаат на неа секогаш кога дискусијата или аргументите го бараат тоа.

Прашајте ги учениците со кој лик повеќе се согласуваат: со Јана кога вели дека цвеќињата се убави, а сите бубачки се грди, или со Матеј кога вели дека сите бубачки се убави. Задржувајќи ја полукружната формација, поделете ги учениците во три групи, во согласност со нивното мислење. Првата група ја сочинуваат оние кои се согласуваат со Јана, втората група се оние кои се согласуваат со Матеј, а третата група се оние кои не се согласуваат наполно ниту со Јана ниту Матеј. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали се согласуваат дека работите можат да бидат „полугрди“ како во изјавата на Јана кога таа се премислува и вели дека бубачките се полугрди, или пак се согласуваат со Матеј, кој вели дека нештата не можат да бидат „полугрди“ затоа што се или грди или се убави. Прегрупирајте ги учениците, задржувајќи ја полукружната формација, така што ќе се формираат две групи. Една што се согласува со Јана и една што се согласува со Матеј. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група што ќе биде составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците што мислат за саркастичната забелешка на Јана дека таа можеби би требала да ја цени длабоко скриената убавина на бубачката, иако не знае како убавината може да биде скриена. Прегрупирајте ги учениците, задржувајќи ја полукружната формација, така што ќе се формираат две групи. Една што го дели мислењето дека постои такво нешто како „скриена убавина“ и друга што мисли дека такво нешто не постои. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците што мислат за реакцијата на Матеј кога тој дознава дека во раката држи лебарка. Прегрупирајте ги учениците, задржувајќи ја полукружната формација, така што ќе се формираат две групи. Една што мисли дека лебарките можат да бидат убави и друга што мисли дека лебарките не можат да бидат убави. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

*Забелешка: За време на дискусијата на учениците им е дозволено да се префрлаат од една во друга група ако го променат своето мислење во врска со прашањето/проблемот кој е предмет на дискусијата.

**Алтернатива 2 „Вкусенбал“:**

Ако е можно, учениците нека седнат во полукруг (отворен кон таблата/проектираната илустрација) каде што и вие (наставникот) ќе бидете дел од истиот полукруг, со што се создава впечаток дека наставникот игра еднаква улога во истражувачката заедница. Проектирајте ги илустрациите од мини-сценариото „Вкусенбал“ секогаш кога дискусијата и аргументите го бараат тоа.

Прашајте ги учениците која маска сметаат дека е поубава. Барбиката на Матеа или животинскиот костим на Лена. Задржувајќи ја полукружната формација,

поделете ги учениците во две групи, во согласност со нивниот избор. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците кое момче, според нив, е поубаво (попривлечно) – Стефан, симпатијата на Матеа, или Петар, симпатијата на Лена? Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група што ќе биде составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

*Забелешка: За време на дискусијата на учениците им е дозволено да се префрлаат од една во друга група ако го променат своето мислење во врска со прашањето/проблемот кој е предмет на дискусијата.

Растурете ги групите задржувајќи ја полукружната формација. Посочете ја изјавата на Матеа дека вкусот на Лена за момчиња е ист како и нејзиниот вкус за облека и костими. Иницирајте дискусија прашувајќи ги учениците дали е можно вкусот на една личност да биде ист за различни видови нешта?

Посочете ја изјавата на Лена дека таа и Матеа не се согласуваат за ништо додека разговараат за тоа што е убаво, но сепак се разбираат меѓусебно. Поттикнете дискусија прашувајќи ги учениците дали се согласуваат со изјавата на Лена, па ако се согласуваат, прашајте ги како е можно две личности да имаат различни мислења за тоа што е убаво, а сепак да дискутираат како и двете да знаат што е тоа убавина.

Осврнувајќи се на крајот на претставата, кога Матеа вели дека таа ќе биде најубавата на маскенбалот, а Лена одговара „И јас!“, поттикнете дискусија прашувајќи ги учениците дали е можно двајца луѓе (или нешта) да бидат најубави во исто време.

*Забелешка: Наставникот (во консултација со учениците) може да ги замени референците во сценариото како што се Барби и Том Халанд, со други референци што се популарни во дадениот момент.

**Алтернатива 3 „Пекинезер и одмор“:**

Ако е можно, учениците нека седнат во полукруг (отворен кон таблата/проектираната илустрација) каде што и вие (наставникот) ќе бидете дел од истиот полукруг со што се создава впечаток дека наставникот игра еднаква улога во истражувачката заедница. Втората илустрација од минисценариото „Пекинезер и одмор“ (каде што мечтата на Коки за одморот се наоѓа до сликата на пекинезерот од телефонот на Павел) нека биде проектирана во текот на дискусијата за учениците и наставникот да можат да се повикаат на неа секогаш кога дискусијата или аргументите го бараат тоа.

Прашајте ги учениците дали убавината на мечтаењето на Коки за одморот и убавината на вистинскиот одмор се исти, слични или сосема различни нешта. Задржувајќи ја полукружната формација, поделете ги учениците во три групи, во согласност со нивниот избор. Дајте им на учениците една минута за консултации

во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали се согласуваат со мислењето на Павел дека пекинезерите се убави, или, пак, се согласуваат со мислењето на Коки дека тие се грди. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали се согласуваат со мислењето на Павел дека „грдите“ карактеристики на пекинезерите, кои ги истакна Коки, се всушност токму оние карактеристики кои ги прават да бидат убави. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Осврнувајќи се на изјавата на Павел дека пекинезерот е поубав од фантазирањето на Коки за одморот и дека ќе биде поубав дури и од самиот одмор, прашајте ги учениците дали посакувано куче може да биде поубаво од фантазија за посакуван одмор или од самиот одмор. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивниот одговор на прашањето. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата..

*Забелешка: За време на дискусијата на учениците им е дозволено да се префрлаат од една во друга група ако го променат своето мислење во врска со прашањето/проблемот кој е предмет на дискусијата.

**За сите три алтернативи:**

Прашањата што се тема на дискусија во сите три алтернативи, во зависност од аргументацијата и преференциите на учениците, под ваше водство, можат (и би требало) природно да се развијат во дискусија на неколку теми како што се следниве:

- Зошто некои нешта се убави, некои грди, а некои ниту убави ниту грди?
- Кои карактеристики прават едно нешто да биде убаво или грдо? (можните критериуми за убавина што на учениците обично им паѓаат на памет се: пропорција, симетрија, хармонија, предизвикување добри емоции...)
- Дали истите карактеристики имаат ист или различен ефект кога ќе се најдат во различни предмети?
- Што е поубаво, природата или населените места?
- Дали сѐ во природата е убаво?
- Дали сѐ во населените места е убаво?

- Каде се наоѓа убавината? Во самите предмети или во очите на оној што ја набљудува?
- Дали убавината е објективна или е субјективна?
- Дали грдоста е објективна или е субјективна?
- Што значи „да се има различен вкус“?
- Дали различните култури имаат иста или различна замисла за тоа што е убаво/грдо?
- Дали мислите, делата, идеите или чувствата можат да бидат убави или грди и што ги прави да бидат убави или грди?
- Дали убавината/грдоста е универзална? - Дали постои совршена убавина?
- Дали се поврзани убавината и добрината?
- Што е убавина?

За време на дискусијата сосредоточете се на ставовите на учениците без да ги наведувате на одредени заклучоци или да им наметнувате ставови и верувања кои тие самите не ги промислиле или не ги анализирале.

**3в. Завршни забелешки**

Поттикнете кратка завршна дискусија и сумирајте ги различните мислења за темите за кои дискутиравте. На секој аргумент посветете му еднакво внимание. Дискутирајте, уважете и пофалете ги евентуалните промени во мислењето за време на часот, ако ги има, и дискутирајте за причините за таквите промени.

Замолете да се пријават двајца ученици кои би сакале да подготват мини-театарска претстава за почетокот на следниот час. Изберете ученици кои ќе бидат во можност да имаат заеднички проби и да ги подготват реквизитите (ученици кои се блиски пријатели и живеат близу еден до друг). Ако се работи за девојче и момче обезбедете им го сценариото „Стрипови и гоблени“. Ако се две девојчиња обезбедете им го сценариото „Зошто Ван Гог? Зошто не јас?“, а ако пак се две момчиња обезбедете им го сценариото „Најдобрата уметност“.

# *Сценарио 5.2*

**Автор на сценариото:**

Мартин Поповски

**Тема:**

V. Убавина и уметност

**Наслов на сценариото:**

„Што е уметност?“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

ИКТ (компјутер, проектор или паметна табла), дидактички материјал „Филозофски мини-театар“, реквизити потребни за мини-театарската претстава, илустрации, табла и креда.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе развијат подлабоко разбирање на поимот на уметноста и ќе можат да го идентификуваат и анализираат во различните форми на уметност. Ќе бидат во состојба да ги дефинираат и анализираат критериумите кои треба да се исполнат за нешто да се смета за уметност, во зависност од индивидуалниот сензибилитет и општествените или културните разлики.

**1б. Вештини**

Учениците ќе развијат способност за уметничко изразување низ глума. Ќе бидат во состојба да го препознаат значењето на уметноста во културата и нејзиното влијание врз општествените односи и врз личниот живот. Исто така ќе научат да ја ценат уметноста како израз на идеи и чувства. Учениците ќе развијат

способност да ги слушаат, да ги разбираат и да ги почитуваат гледиштата и мислењата на другите ученици.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Творештво**: Поимот на уметноста и сите облици на уметност.
**Мајчин јазик:** Поимите на убавина и уметност во книжевноста.
**Општество:** Влијанието на уметноста врз општествените односи и обратно.
**Природни науки:** Корелацијата меѓу уметноста и делот од светот од каде што таа потекнува.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Поканете ги двајцата ученици избрани на крајот од претходниот час да истапат пред одделението и да ја изведат мини-театарската претстава што ја имаат подготвено според сценариото од дидактичкиот материјал „Филозофски мини-театар". Пред да започнат со претставата, помогнете им да ја постават сцената, обезбедувајќи им доволно простор во училницата.

На почетокот на претставата преземете ја улогата на наратор и прочитајте го воведниот пасус од сценариото. Додека учениците глумат, проектирајте ги зад нив илустрациите кои одат заедно со сценаријата (на екран за проектор или на паметна табла). Погрижете се менувањето на илустрациите на заднината да ја следи приказната на претставата. Ако е потребно, може да играте улога на суфлер, или, пак, учениците-актери можат да ги имаат текстовите на сценаријата на дофат на рака, ако им затребаат.

*Забелешка: Во случај еден од двајцата ученици да отсуствува, заземете го местото на отсутниот ученик и изведете ги неговите/нејзините реплики од сценариото. Во случај и двајцата ученици да се отсутни, побарајте ученик доброволец за да го прочитате сценариото на глас заедно со него/неа.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

Заблагодарете им се на актерите со аплауз и замолете ги да седнат на своите места. Започнете првична дискусија со учениците за нивните први впечатоци од претставата што ја погледале и прашајте ги дали некои делови од претставата им оставиле впечаток и ги поттикнале на размислување.

**Алтернатива 1 „Стрипови и гоблени":**

Ако е можно, учениците нека седнат во полукруг (отворен кон таблата/проектираната илустрација) каде што и вие (наставникот) ќе бидете дел од истиот полукруг, со што се создава впечаток дека наставникот игра еднаква улога во истражувачката заедница. Втората илустрација од минисценариото „Стрипови и гоблени" (каде што фотографија на Спајдермен и на гоблен стојат една до друга) нека биде проектирана во текот на дискусијата, за учениците и наставникот да можат да се повикаат на неа секогаш кога дискусијата или аргументите го бараат тоа.

Прашајте ги учениците што е подобро. Спајдермен од стрипот на Јован или гобленот на неговата баба. Задржувајќи ја полукружната формација, поделете ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Првата група ја сочинуваат оние кои велат дека Спајдермен е подобар, а втората група се оние кои велат дека подобар е гобленот на баба му. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Осврнувајќи се на забелешката на Јована дека староста на гобленот на нејзината баба му дава голема уметничка вредност, прашајте ги учениците дали староста е значаен фактор за некое уметничко дело да се смета за подобро или воопшто да биде уметничко дело. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во нови две групи. Една што се согласува со Јована и една што не се согласува со Јована. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците со што повеќе се согласуваат: со тврдењето на Јован дека при нивниот спор и несогласување станува збор само за две различни мислења или, пак, со тврдењето на Јована дека прашањето за вистинската уметност во случајот со стрипот и гобленот не е прашање на личен став. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во нови две групи. Една што се согласува со Јован и една што се согласува со Јована. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали анкетата која Јован и Јована ја спроведоа на социјалните мрежи е сигурен метод за да се дојде до конечен одговор на прашањето дали вистинска уметност се цртежите од стрипот „Спајдермен“, или, пак, гобленот на баба им. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во нови две групи. Една што мисли дека анкетата ќе даде конечен одговор на прашањето и друга што мисли дека нема. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата. Дискусијата продолжете ја со прашањето дали полот на гласачите игра улога во резултатот на анкетата.

Прашајте ги учениците што може да се смета за вистинска уметност, стрипот „Спајдермен“ на Јован или, пак, гобленот на бабата на Јован и Јована. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во нови две групи, во согласност со нивниот избор. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

* Забелешка: За време на дискусијата на учениците им е дозволено да се префрлаат од една во друга група ако го променат своето мислење во врска со прашањето/проблемот кој е предмет на дискусијата.

**Алтернатива 2 „Зошто Ван Гог? Зошто не јас?“:**

Ако е можно, учениците нека седнат во полукруг (отворен кон таблата/проектираната илустрација) каде што и вие (наставникот) ќе бидете дел од истиот полукруг, со што се создава впечаток дека наставникот игра еднаква улога во истражувачката заедница. Проектирајте ги илустрациите од мини-сценариото „Зошто Ван Гог? Зошто не јас?“ секогаш кога дискусијата и аргументите го бараат тоа.

Прашајте ги учениците која слика повеќе им се допаѓа: сликата на Ана или „Ѕвездената ноќ“ на Ван Гог. Задржувајќи ја полукружната формација, поделете ги учениците во две групи, во согласност со нивниот избор. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали се согласуваат или не со тврдењето на Илина дека иако Ана слика навистина убаво, таа сепак не е уметница. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група што ќе биде составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата. Продолжете ја дискусијата со тоа што ќе ја анализирате разликата меѓу Ана, таткото на Илина (кој е „само сликар“) и Ван Гог, имајќи го предвид нивното уметничко творештво.

Прашајте ги учениците дали се согласуваат или не со забелешката на Ана дека можеби причината поради која Илина мисли дека Ван Гог е уметник, а таа не, лежи единствено во нејзиниот личен вкус за слики. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали тоа што Ана својата слика ја залепила на ѕидот на галеријата ја прави нејзината слика уметничко дело? Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата. Продолжете ја дискусијата со прашањето: Дали секоја слика изложена во една галерија (со дозвола на сопствениците на галеријата) може да се смета за уметност?

* Забелешка: За време на дискусијата на учениците им е дозволено да се префрлаат од една во друга група ако го променат своето мислење во врска со прашањето/проблемот кој е предмет на дискусијата.

**Алтернатива 3 „Најдобрата уметност“:**

Ако е можно, учениците нека седнат во полукруг (отворен кон таблата/проектираната илустрација) каде што и вие (наставникот) ќе бидете дел од истиот полукруг, со што се создава впечаток дека наставникот игра еднаква улога во истражувачката заедница. Втората илустрација од минисценариото „Најдобрата уметност" (каде што е прикажана театарска сцена со разни форми на уметност содржани во неа) нека биде проектирана во текот на дискусијата, за учениците и наставникот да можат да се повикаат на неа секогаш кога дискусијата или аргументите го бараат тоа.

Замолете ги учениците да ги наведат сите форми на изразување што мислат дека можат да се сметаат за уметнички, а потоа, низ дискусија, составете и запишете на таблата (или на друго видливо место) листа со оние форми за кои мнозинството ученици се согласуваат дека се уметнички.

Прашајте ги учениците дали филмовите за супер херои можат да се сметаат за уметност, или, пак, единствено „бавните филмови со долги кадри", како што Мартин опишува еден филм што го гледал, можат да се наречат уметнички. Задржувајќи ја полукружната формација, поделете ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали се согласуваат со забелешката на Мартин дека е чудно што музиката се прифаќа како уметност, бидејќи речиси секој може да свири и пее. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Прашајте ги учениците дали се согласуваат со конечниот заклучок на Јане дека театарот е најдобрата уметничка форма бидејќи ги содржи сите останати уметности. Задржувајќи ја полукружната формација, прегрупирајте ги учениците во две групи, во согласност со нивното мислење. Ако постојат ученици кои мислат дека не припаѓаат во една од овие две групи, формирајте трета група составена од тие ученици. Дајте им на учениците една минута за консултации во рамките на секоја од групите за да можат да ги подготват првичните аргументи кои го поддржуваат мислењето на групата, а потоа започнете ја дискусијата.

Замолете ги учениците да ја разгледаат листата на уметнички форми што ја составија на почетокот на часот и дискутирајте за тоа дали сакаат да направат некои промени. По потенцијалните промени, споредете ја новата листата со листата на уметнички форми наведени во текстот на мини-театарската претстава. Ако постојат разлики, замолете ги учениците да дискутираат за нив и потенцијално да направат завршни промени во нивната листа.

* Забелешка: За време на дискусијата на учениците им е дозволено да се префрлаат од една во друга група ако го променат своето мислење во врска со прашањето/проблемот кој е предмет на дискусијата.

**За сите три алтернативи:**

Прашањата што се тема на дискусија во сите три алтернативи, во зависност од аргументацијата и преференциите на учениците, под ваше водство, можат (и би

требало) природно да се развијат во дискусија на неколку теми како што се следниве:

- Дали нешто мора да биде убаво за да се смета за уметност?
- Дали грдите нешта можат да бидат уметност?
- Дали сите убави нешта создадени од човекот можат да се сметаат за уметност?
- Дали времето може да додаде уметничка вредност на некое уметничко дело?
- Дали се емоциите важни при одлучувањето што е уметничко дело?
- Ако се, кои се тие емоции?
- Која е твојата омилена уметност?
- Зошто на луѓето некои уметнички форми им се допаѓаат повеќе од некои други?
- Што го прави едно уметничко дело подобро или попознато од другите?
- Дали можат да се споредуваат различни видови на уметнички дела?
- Дали некои форми на уметност се подобри од другите?
- Дали постои најдобра форма на уметност?
- Кој одлучува што ќе се смета за уметност?
- Дали критериумите за нешто да се смета за уметност се објективни или субјективни?
- Кои се тие критериуми?
- Дали за уметноста може да се дискутира низ уметност?
- Што е уметност?

За време на дискусијата сосредоточете се на ставовите на учениците без да ги наведувате на одредени заклучоци или да им наметнувате ставови и верувања кои тие самите не ги промислиле или не ги анализирале.

**3в. Завршни забелешки**

Поттикнете кратка завршна дискусија и сумирајте ги различните мислења за темите за кои дискутиравте. На секој аргумент посветете му еднакво внимание. Дискутирајте, уважете и пофалете ги евентуалните промени во мислењето за време на часот, ако ги има, и дискутирајте за причините за таквите промени.

Организирајте завршно гласање на следниве теми:

**А1:** Што е подобро? Стрипот „Спајдермен“ на Јован или гобленот на баба му? (Запишете ги гласовите на таблата).

**А2**: Дали Ана е уметница или не? (Запишете ги гласовите на таблата).

**А3**: Која е твојата омилена форма на уметност? (Користете ја конечната листа, дефинирана од страна на учениците, која веќе е запишана на таблата. Спроведете го гласањето на тој начин што ќе побарате од секој ученик/ученичка да даде 3, 2 и 1 поен на неговите/нејзините три омилени форми на уметност. Соберете ги поените и прогласете ги трите најомилени форми на уметност на одделението).

# *Сценарио 6.1.*

**Автори на сценариото:**

Маја Вачун

Нина Равник Палка

Гашпер Пирц

Лука Требежник

**Тема:**

VI. Праведно општество

**Наслов на сценариото:**

„Демократија и праведно општество – дали ни се потребни?“ (прв дел)

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Книга или лист хартија со отпечатена басна, моливи и листови хартија.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе бидат во состојба да ги идентификуваат термините правда во општеството (за разлика од личната етика) и демократија, како и нивните примени во секојдневниот живот. Исто така, ќе бидат подготвени да ги дефинираат и анализираат критериумите за правдата, во зависност од индивидуалниот сензибилитет и општествените или културолошки разлики.

**1б. Вештини**

Учениците ќе бидат во состојба да го препознаат значењето на праведното општество во средината и културата, како и неговото влијание врз општествените

односи и личниот живот. Исто така ќе бидат во состојба да ја препознаат и критички да ја проценат неправдата и злоупотребата на политичката моќ. Учениците ќе развијат способност за слушање, разбирање и почитување на ставовите и мислењата на другите ученици.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Општество:** Општествата се културолошки обележани и да се разбере општеството значи да се разбере културниот идентитет и разликите меѓу неговите елементи. Важноста на културолошките барања и права на поединечните членови на општеството. Политиката се случува внатре во и меѓу општествата се проучуваат по предметот Општество. Личен идентитет: дали моите верувања и моите претстави за мене самиот се важни кога станува збор за правдата во општеството?

**Природни науки:** Како разликите меѓу луѓето, групите и заедниците можат да претставуваат предизвик за прашањата на законитоста и демократијата, како и улогата на географијата во одговарањето на прашањата кои се однесуваат на правдата.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, што остава впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница - ова важи за целиот час.

**Читање приказна, изразување впечатоци**

На учениците прочитајте им басна со поука што се однесува на важноста на праведноста и праведната распределба (препорачана басна: „Двете мачки и мајмунот“ од Езоп). Замолете ги учениците своите впечатоци од приказната да ги изразат со клучни зборови – ги запишуваат зборовите, потоа ги читаат и објаснуваат зошто зборот што го напишале го поврзуваат со приказната.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

**Поделба во парови, составување прашања и избирање прашања за дискусија**

Учениците се делат во парови (наставникот одлучува како ќе ги подели). Секој пар запишува по едно прашање кое содржи еден од клучните зборови што веќе се запишани. Еден ученик од секој пар го чита прашањето и го остава листот во средината на кругот на подот. Еден од учениците ги чита сите прашања, а потоа учениците гласаат за прашањето за кое сакаат да дискутираат: цртаат знак на листот на кој се наоѓа прашањето за кое сакаат да дискутираат.

**Дискусија, истражувачка заедница**

Прашајте ги учениците што го смислиле избраното прашање зошто биле заинтересирани за тој одреден аспект и кои се нивните идеи за можниот одговор на прашањето. Поканете ги и другите ученици да размислуваат за избраното прашање.

Неколку примери на прашања кои ги инспирираат учениците имплицитно да размислуваат за демократијата и да дискутираат:

- *Дали е праведно некој да ја користи својата положба во општеството за да оствари некоја своја цел?*
- *Кога мислиш дека донесувањето одлуки во рамките на заедницата е најправедно?*
- *Што е демократија?*
- *Кога одлуките се донесуваат демократски?*
- *Што е разликата меѓу одлуките донесени на демократски начин и одлуките донесени на недемократски начин?*
- *Можеш ли да изнесеш неколку примери на демократско донесување одлуки во твојата локална заедница?*

**3в. Завршни забелешки**

Евалуацијата на часот се однесува на процесот (мета-нивото), а не толку на содржината (учениците рефлектираат за тоа како размислуваат).

Поттикнете ги учениците да ги изразат своите впечатоци од денешниот час. Прашајте ги што правеле, дали научиле нешто, каде се сега во однос на тоа каде биле на почетокот на часот. Учениците ги споделуваат своите впечатоци и се очекува секој од нив да учествува во завршниот дел од часот.

# *Сценарио 6.2.*

**Автори на сценариото:**

Маја Вачун

Нина Равник Палка

Гашпер Пирц

Лука Требежник

**Тема:**

VI. Праведно општество

**Наслов на сценариото:**

„Демократија и праведно општество – дали ни се потребни?“ (втор дел)

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Моливи, листови хартија, боички, маси, пенкала, кутија, лист со табела за потписи (гласачки регистар) и гласачки ливчиња, хартија за изработување лични карти, хартија за знаме, лепливи ливчиња за белешки, табла.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе бидат во состојба да ги идентификуваат термините правда во општеството (за разлика од личната етика) и демократија, како и нивните примени во секојдневниот живот. Исто така, ќе бидат подготвени да ги дефинираат и анализираат критериумите за правдата, во зависност од индивидуалниот сензибилитет и општествените или културолошки разлики.

**1б. Вештини**

Учениците ќе бидат во состојба да го препознаат значењето на праведното општество во средината и културата, како и неговото влијание врз општествените односи и личниот живот. Исто така ќе бидат во состојба да ја препознаат и критички да ја проценат неправдата и злоупотребата на политичката моќ. Учениците ќе развијат способност за слушање, разбирање и почитување на ставовите и мислењата на другите ученици.

## 2. Корелација со други предмети/области

**Општество:** Општествата се културолошки обележани и да се разбере општеството значи да се разбере културниот идентитет и разликите меѓу неговите елементи. Политиката се случува внатре во и меѓу општествата се проучуваат по предметот Општество. Личен идентитет: дали моите верувања и моите претстави за мене самиот се важни кога станува збор за правдата во општеството? Важноста на културолошките барања и права на поединечните членови на општеството.

**Природни науки:** Како разликите меѓу луѓето, групите и заедниците може да претставуваат предизвик за прашањата на законитоста и демократијата, како и улогата на географијата во одговарањето на прашањата кои се однесуваат на правдата.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

**Размислување за демократијата**

Замолете ги учениците да наведат што е можно повеќе термини/фрази што се поврзани со зборот демократија. Можат да ги напишат на лепливи ливчиња за белешки и да ги залепат на таблата. Размислувајте и дискутирајте заедно за демократијата како начин на организирање на општеството.

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

**Идејата за демократијата и гласачката „игра“:**

Предложете им на учениците да спроведат симулација на избор на градоначалник. Поделете ги учениците во три групи (наставникот одлучува како ќе ги подели групите), а потоа на секоја група дајте ѝ посебни упатства:

**Група 1 – КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК:**

– Двајца кандидати, секој со по двајца асистенти.
– Изготвуваат изборна програма и размислуваат што ќе направат за општината во текот на својот мандат.
– Измислуваат свој слоган за препознатливост.
– Асистентите можат да дизајнираат постери (слоган, датум на претставување на програмата итн.); да ја водат изборната кампања/рекламирањето.
– Кандидатите ја претставуваат програмата на собир со електоратот.

**Група 2 – ИЗБОРНА КОМИСИЈА:**

– Тројца ученици ги подготвуваат гласачките ливчиња за изборите (онолку ливчиња колку што има гласачи) – гласачкото ливче мора да ги содржи следниве информации:

- гласачко ливче за изборите за градоначалник/градоначалничка,
- упатства за тоа како да се гласа (заокружи ја бројката пред кандидатот),
- табела со сериски број и со име и презиме на кандидатите.

– Го подготвуваат просторот за гласање – две маси, пенкала, кутија.
– Ги презентираат упатствата за гласање на денот на изборите.
– На денот на гласањето на секој гласач му даваат лист со табела за потписи и гласачко ливче.
– По изборите, проверуваат дали сите гласачки ливчиња се правилно пополнети. Гласачките ливчиња што не се правилно пополнети треба да се пребројат и да се отфрлат. Треба да се пребројат и правилно пополнетите гласачки ливчиња и да се запишат резултатите. Резултатот од гласањето треба да покаже дали е неопходен втор круг избори.
– Да ги претставаат резултатите на изборите пред електоратот.

**Група 3 - ГЛАСАЧИ:**

– Секој од нив си ја изработува сопствената лична карта, за да го докаже својот идентитет пред Изборната комисија.
– Приготвува гласачки регистар на имиња – сериски број, име и презиме, простор за потпис - и го предава на Изборната комисија.
– Изработува (бои) знаме на земјата; го предава готовото знаме на Изборната комисија.
– По претставувањето на кандидатите за градоначалник, одат до гласачкото место, се легитимираат и го потпишуваат гласачкиот регистар.
– Гласаат, а по гласањето го уфрлаат своето гласачко ливче во гласачката кутија.
– Ги чекаат резултатите.

### 3в. Завршни забелешки

Евалуацијата на часот се однесува на содржината и процесот. Прашајте ги учениците што правеле денес, каде се сега во однос на тоа каде биле на почетокот на часот и што дознале за демократијата, правдата итн.

# *Сценарио 7.1.*

**Автор на сценариото:**

Маја Вачун

**Тема:**

VII. Јас и другите

**Наслов на сценариото:**

„Кој сум јас?“ (прв дел)

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Листови хартија и моливи, дидактичка друштвена игра – „Кој сум јас и кој си ти?“ (види ги упатствата во додатокот).

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе ги разберат општествените и индивидуалните фактори кои придонесуваат кон сликата што ја имаме за себе, а исто така ќе можат да ги дефинираат и анализираат критериумите за самоидентитетот.

**1б. Вештини**

Учениците ќе ја подобрат способноста за критичко размислување во поглед на саморефлексијата и личниот развој. Тие ќе развијат способност за слушање, разбирање и почитување на ставовите и мислењата на другите ученици.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик**: Заменки, способност да се пишуваат и изразуваат комплексни идеи на мајчиниот јазик.

**Општество:** Јас, општеството, јас во општеството и влијанието на општеството врз градењето на личниот идентитет.

**Математика:** Броеви на коцката, броење.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

**Воведна активност за загревање:**

Учениците се постројуваат во права линија, според почетната буква на нивното име (А–Ш). (Подгответе соодветна просторија каде што оваа активност ќе може да се спроведе).

Заблагодарете им се на учениците што Ве потсетиле на нивните имиња и кажете им дека сега би сакале да дознаете нешто повеќе за нив.

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

**Главна тема 1: „Вистини и лаги за мене“**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, што остава впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница.

Секој ученик/ученичка запишува две вистини и една лага за себе на лист хартија (на пример: Сакам животни. Не сакам брокула. Имам кафена коса. Имам постар брат. Не знам да пливам...). Потоа секој ученик/ученичка гласно ги чита своите изјави, а другите се обидуваат да утврдат што од прочитаното е вистина, а што лага. Охрабрете ги да ги поддржат своите тврдења со аргументи (на пример: Врз основа на што заклучивте дека ова е лага? Како знаете дека ова е вистина? ...).

Поттикнете ги учениците да резимираат и да истакнат кои карактеристики нивните соученици најчесто ги спомenувале – на кој начин тие се поврзани со нив. Следува дискусија за разликата помеѓу биолошките карактеристики на поединецот и карактеристиките што тој/таа ги презема поради поврзаноста со неговата/нејзината околина/општество.

**Главна тема 2: Друштвена игра – „Кој сум јас и кој си ти?“**

Поканете ги учениците да играат друштвена игра во мали групи – ова значи дека треба да подготвите неколку игри истовремено; предлагаме да се работи со групи што ќе се состојат од најмногу пет ученици.

**Правила на играта:** секој од учениците фрла коцка и се движи нанапред на таблата за онолку места колку што покажува бројот на коцката кој се паднал. Кога тој/таа ќе дојде до квадратчето со прашалник, го чека прашање што тој/таа треба да го одговори. Тој/таа ја зема најгорната карта од портокаловиот шпил карти, означена со прашалник, и го чита прашањето на глас. Потоа се обидува да го одговори прашањето. Кога ученикот/ученичката ќе одговори на прашањето, наставникот ги поттикнува другите ученици да разговараат за прашањето/одговорот (што тие мислат за прашањето итн.). На некои од полињата распоредени на таблата има и извичници - кога ученикот ќе дојде до вакво поле,

тој/таа ја зема најгорната карта од виолетовиот шпил. Наставникот го чита упатството за сликата која е извлечена, а ученикот треба да ја изведе пропишаната активност. Наставникот постојано ги поттикнува учениците да ги објаснат своите одговори, да понудат примери/противпримери, длабоко да размислуваат, да споредуваат итн.

Примери за прашања:
1. Дали е можно да станеш некој друг или нешто друго? Кога/во кој случај/под кои околности?
2. Дали нашиот изглед влијае на тоа кои сме? итн.

***Други примери на прашања се дадени подолу во додатокот.**

**Примери за сликички:**
Слика со рачно огледало – активност: *„Погледни се во огледалото и објасни што гледаш!“* итн.
**** Други примери на сликички се исто така дадени подолу во додатокот.**

### 3в. Завршни забелешки

Поттикнете ги учениците да ги изразат своите впечатоци од денешниот час. Прашајте ги што правеле, дали научиле нешто, каде се сега во однос на тоа каде биле на почетокот на часот. Учениците ги споделуваат своите впечатоци и се очекува секој од нив да учествува во завршниот дел од часот.

Евалуацијата на часот се однесува на процесот (мета-нивото), а не на содржината, па оттука прашајте ги учениците што правеле денес, како се развило нивното размислување... Секој ученик изнесува еден впечаток и му препушта зборот на следниот ученик. Исто така може и да додадете неколку завршни забелешки, на пример: „Ги аргументиравте своите гледишта, барајќи сличности/разлики, противпримери, извлекувајќи заклучоци...“.

**ДОДАТОК – друштвена игра – „Кој сум јас и кој си ти?“**

**Правила на играта:**

Секој од учениците фрла коцка и се движи нанапред на таблата за онолку места колку што покажува бројот на коцката што се паднал. Кога тој/таа ќе дојде до квадратчето со прашалник, го чека прашање* што тој/таа треба да го одговори. Тој/таа ја зема најгорната карта од портокаловиот шпил карти, означена со прашалник, и го чита прашањето на глас. Потоа се обидува да го одговори прашањето. Кога ученикот или ученичката ќе одговори на прашањето, наставникот ги поттикнува другите ученици да разговараат за прашањето/одговорот (што тие мислат за прашањето итн.). На некои од квадратчињата распоредени по таблата има и извичници, кои се поврзани со сликичките** – кога ученикот ќе дојде до вакво поле, тој/таа ја зема најгорната карта од виолетовиот шпил. Наставникот го чита упатството за сликата што е извлечена, а ученикот треба да ја изведе пропишаната активност. Откако тој или таа ќе ја изврши активноста, учениците ги дискутираат појдовните точки за расправата. Наставникот постојано ги поттикнува учениците да ги објаснат своите одговори, да понудат примери/противпримери, длабоко да размислуваат, да споредуваат итн.

*** Примери за прашања:**

1. Дали е можно да станеш некој друг или нешто друго? Кога/во кој случај/под кои околности?
2. Дали нашиот изглед влијае на тоа кои сме?
3. Дали ти сѐ уште би бил ти кога би имал поинакво име? Ако го смениш името, дали ќе станеш некој друг?
4. Дали оној/онаа што си зависи од тебе или од твојата околина?
5. Дали можеш самиот да одбереш кој ќе бидеш?
6. Дали начинот на кој се облекуваме одредува кои сме?
7. Дали понекогаш посакуваш да изгледаш како некој друг? Како кој, на пример? Треба ли да се трудиме да бидеме како другите луѓе или е во ред да бидеме онакви какви што сме?
8. Дали ти сѐ уште би бил ти ако зборуваш на некој друг јазик?
9. Што е она што тебе те прави да бидеш ти?
10. Дали да се биде како некој/а е исто што и да се биде тој/таа?

**** Примери за сликички:**

*** Слика со рачно огледало – активност: „*Погледни се во огледалото и објасни што гледаш!“*

Појдовна точка за расправа: Додека растеме нашите лица се менуваат, но ние остануваме исти!

*** Слика со маска – активност: *„Замисли некое чувство и обиди се да го изразиш со своето лице!*“ – Другите треба да погодат кое чувство се обидуваш да го изразиш.

Појдовна точка за расправа: промената во однесувањето и чувствата нам нѐ менува.

*** Слика со џемпер – активност: *„Облечи џемпер/блуза што припаѓа на некој од твоите соученици и потоа кажи кој си.”*

Појдовна точка за расправа: „Облеката го чини човекот!“.

*** Слика со Јунион Џек (знамето на Обединетото Кралство): *„На чија земја припаѓа ова знаме?“*

Појдовна точка за расправа: „Ако пораснав во друга земја, јас немаше да бидам јас.“

*** Слика со ученик: *„Избери еден од твоите соученици, погледни во него или неа и кажи ми по што си сличен на нив, а по што се разликуваш од нив.“*

Појдовна точка за расправа: „Нашиот изглед не нѐ прави она што сме. Да беше така, еднојајчените близнаци ќе беа една иста личност“.

*** Слика со бебе: *„Обиди се да се сетиш на себе кога си бил бебе и обиди се да опишеш колку и како си се променил.“*

Појдовна точка за расправа: „Затоа што не се сеќавам на себе кога бев бебе, не можам да бидам сигурен дали бебето на сликата сум јас или не.“

# *Сценарио 7.2*

**Автор на сценариото:**

Томаж Грушовник

Маја Вачун

**Тема:**

VII. Јас и другите

**Наслов на сценариото:**

„Кој сум јас?“ (втор дел)

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Книга или отпечатени листови со приказната Грдото пајче, плико, моливи, магнети, листови хартија, проектор (опционално), табла и креда (ако е неопходно).

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе ги разберат општествените и индивидуалните фактори кои придонесуваат кон сликата што ја имаме за себе, а исто така ќе можат да ги дефинираат и анализираат критериумите за самоидентитетот.

**1б. Вештини**

Учениците ќе ја подобрат способноста за критичко размислување во поглед на саморефлексијата и личниот развој. Тие ќе развијат способност за слушање, разбирање и почитување на ставовите и мислењата на другите ученици.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Мајчин јазик**: Антоними, заменки, способност да се изразуваат комплексни идеи на мајчин јазик, поимот на самоидентитетот во литературата.

**Општество:** Јас, општеството, јас во општеството и влијанието на општеството врз градењето на личниот идентитет.

**Ликовно образование:** Цртање портрет - поимот на самоидентитетот во уметностите.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, при што наставникот исто така ќе биде дел од кругот, што остава впечаток дека тој игра еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница - ова важи за целиот час.

**Воведна активност за загревање:**

Антоними: еден по еден, учениците земаат ливче хартија од пликото. Ученикот кој го зема ливчето го чита зборот напишан на него, а ученикот од неговата лева страна го кажува антонимот на тој збор (на пр. убаво - грдо; бело - црно; горе - долу; тага - среќа; полно - празно; тенко - дебело; тесно - широко...). Потоа истиот тој ученик од пликото зема ливче со збор, а ученикот од неговата лева страна го кажува антонимот и така натаму, додека не се дојде до последниот ученик.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

**Читање приказна, изразување впечатоци**

Подгответе ја приказната „Грдото пајче“ (таа може да се отпечати или проектира на компјутер). Договорете се со учениците секој од нив да прочита по една реченица. По читањето, поттикнете ги да кажат што во приказната им се чини интересно/невообичаено што би сакале да го истакнат. Исто така, учениците можат и да напишат клучен збор на лист хартија за да ја резимираат/опишат приказната, или, пак, вие на таблата можете да водите евиденција на зборовите што учениците ги кажуваат.

**Поделба во парови, составување прашања и избирање прашања за дискусија**

Учениците се делат во парови: секој ученик зема ливче хартија од пликото. Двајцата ученици кои ќе извлечат пар на спротивности, образуваат пар. Ливчињата со парови на спротивности што одат во пликото мораат однапред да се подготват.

Работејќи во парови, учениците пишуваат прашање за приказната (со големи букви на лист хартија). Можат да ги користат клучните зборови што претходно ги напишале на ливчињата хартија или што вие сте ги напишале на таблата, за да им биде од помош при формулирањето на своите прашања.

Секој од паровите го чита своето прашање, па потоа го прикачува на таблата. Замолете ги учениците да ги оценат или вреднуваат прашањата, да проценат дали прашањата се слични (се однесуваат на иста тема, содржат ист/сличен поим). Учениците треба да ги поткрепат своите тврдења и прашањата кои се слични да ги стаааат во иста колона. Потоа учениците одлучуваат за кое прашање или група

прашања (ако претходно ги поврзале според сличност) би сакале да дискутираат. Учениците стануваат и го штиклираат/означуваат/потпишуваат прашањето/групата прашања за кои сакаат да дискутираат.

**Групна дискусија - главна тема КОЈ СУМ ЈАС?**

Прашајте ги двајцата ученици кои го составиле избраното прашање зошто ги заинтересирал токму тој конкретен аспект од приказната. Потоа поттикнете ги другите ученици да се вклучат во дискусијата (да кажат кој би бил нивниот одговор на избраното прашање, што мислат за темата итн. )

Воспоставете/одржувајте филозофска дискусија користејќи прашања за олеснување на дискусијата. Прашањата наведени подолу би можеле да ви помогнат да развиете посуштинска дискусија:

- *Која беше главната причина пајчето да сфати дека тоа е всушност лебед?*
- *Да не го видеше својот одраз, дали ќе можеше точно да се препознае себеси?*
- *Да не се препознаеше себеси како лебед, дали ќе продолжеше да биде пајче?*
- *Што би се случило со пајчето кога лебедите би одбиле да го признаат за член на своето јато?*
- *Ако другите почнат да ти се обраќаат со друго име, дали сè уште би го имал/а името што сега го имаш? Дали ти сè уште би бил/а ти?*
- *Што го прави пајчето да биде лебед, а што тебе те прави да бидеш ти?*

Не е нужно да се одговорат сите прашања – тие се наменети за олеснување на дискусијата или да помогнат во започнувањето на дискусијата за да можете да продолжите со следната активност.

Следниве задачи (1 и 2) се опционални (зависно од изборот на учениците или изборот на наставникот).

**Активност 1: Работа во парови**

Учениците работат во парови – паровите остануваат исти како во претходната активност. На учениците поделете им три листа хартија со следниве записи: **ЕДИНСТВЕНО јас можам да (ги, ја) имам…, ЈАС И ДРУГИТЕ можеме да (ги, ја) имаме…, ЕДИНСТВЕНО ДРУГИТЕ можат да (ги, ја) имаат...** Потоа поделете помали ливчиња хартија со следниве реченици напишани на нив (секоја реченица на посебно ливче):

… одговорноста да не ги лажам/лажеме/лажат моите другари.
… одговорноста да не зборувам/зборуваме/зборуваат додека гледаме филм.
… истите пријатели кои јас ги имам.
… облеката што ја носам.
… моите родители.
… ист вкус за музика или интерес за истиот спорт.
… истите сеќавања.
… истите искуства.
… истите мисли.
… моето име и презиме.
… мојата лична карта.
… можноста да си го честитам/да ми го честитаат роденденот.

… можноста да се пофалам/да ме пофалат за моите достигнувања.
… должноста да му го честитам/честитаме/честитаат роденденот на татко ми.
… должноста да се грижам/грижиме/грижат за моето здравје.
… должноста да ја напишам/напишеме/напишат мојата домашна работа.

Потоа од учениците се бара да ги групираат листовите според горенаведените категории. Кога ќе завршат со подредувањето, следува генерална дискусија во која учениците ги објаснуваат своите одговори. Целта на оваа вежба е да се согледа кои дејствија и ентитети суштински ме сочинуваат, а кои се случајни во однос на мојот самоидентитет.

**Активност 2: Цртање, доврşување реченица**

Замолете ги учениците да се нацртаат себеси во нивното опкружување. Кога ќе завршат, прашајте ги што би можело да се промени во сликата, а притоа сликата сè уште да ги претставува нив самите. Потоа поведете дискусија со учениците во која заеднички ќе се обидете да ги категоризирате елементите што се од темелна важност за самоидентитетот (делови на телото, облека, други луѓе /семејство и пријатели/ играчки итн.)

Потоа побарајте од секој ученик да ја доврши реченицата: ***Јас не би бил јас ако...*** (наставникот им дели листови хартија на кои тие ги запишуваат своите одговори и потоа ги споделуваат со одделението).

**3в. Завршни забелешки**

Евалуацијата на часот се однесува на процесот (мета-нивото), а не на содржината, па затоа прашајте ги учениците што правеле денес и каде се сега во однос на тоа каде биле на почетокот на часот. Учениците ги споделуваат своите впечатоци и се очекува секој од нив да учествува во завршниот дел од часот.

# *Сценарио 8.1.*

**Автор на сценариото:**

Деспина Верѕагиа

**Тема:**

VIII. Биоетика

**Наслов на сценариото:**

„Енвиронментална етика и етика на животните“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Картони, лепливи ливчиња за белешки, слики, текстови, мултимедија, видеа, кутија со броеви, дидактички материјал - „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе го сфатат поимот на етичката и политичката одговорност и ќе се запознаат со законодавниот процес. Исто така, ќе развијат способност за размислување и дискутирање за етички прашања за животната средина и животните.

**1б. Вештини**

Учениците ќе станат свесни за животната средина и животните и ќе ја зајакнат својата еколошка свест. Ќе се вклучат во плоден дијалог и ќе научат да целат кон консензус; ќе соработуваат за да остварат заедничка цел заснована на заеднички интерес; и ќе се запознаат со улогата на новинарите и со објективниот, неутрален и критички став кој е карактеристичен за новинарството при презентирањето и коментирањето на настаните и фактите.

## 2. Корелација со други предмети/области

**Мајчин јазик:** Разбирање текстови и поими поврзани со животната средина и животните; аргументација; анализа на текстови.
**Творештво:** Анализа на слики/видеа.
**Општество:** Симулација на законодавниот и парламентарен процес.

## 3. Организација на активностите

### 3а. Вовед

**„Автобуска постојка“:**

На сите ученици поделете им празни лепливи ливчиња за белешки. Потоа прашајте ги учениците што можат да прават додека со своите родители чекаат да пристигне автобусот. Кажете им дека додека чекаат на автобуската постојка, своето слободно време можат да го искористат за да размислуваат за разни прашања за кои немаат време да размислуваат во другите периоди од денот, како и да се обидат да ги одговорат.

Низ целата училница закачете картони со такви прашања. Овие точки претставуваат „автобуски постојки“.

1) Дали животните имаат права?
2) Какви обврски имаме кон животните?
3) Треба ли да ја штитиме животната средина? Зошто?
4) Што можеме секојдневно да правиме за да ја заштитиме животната средина?
5) Дали треба да постојат закони како и казни за лошото однесување на луѓето кон животните и кон животната средина?
6) Дали морам да рециклирам? Зошто?

Учениците ќе одат до секоја автобуска постојка одговарајќи на прашањето на ливче за белешки. Ако се согласуваат со одговорот на некое од претходно залепените ливчиња за белешки, можат да го штиклираат одговорот на самото ливче.

### 3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими

Прочитајте ги одговорите на секоја автобуска постојка и одделението ќе дискутира за согласувањата, несогласувањата и дополнувањата. Потоа прикажете слики, видеа и кратки текстови кои се однесуваат на загадувањето на животната средина, злоупотребата на животните (напуштање, експлоатација), како и на добро познати случаи на експлоатација на животни - на пример Лајка, Доли, магарињата од Санторини, борбите со бикови итн. Потоа следува кратка дискусија од страна на учениците.

**Игра: Законодавство**

Учениците ќе се поделат во две групи: а) членови на Министерството за животната средина и животните б) пратеници во Собранието.

Од кутија со броеви, секој ученик/ученичка кој/која е член на Министерството извлекува свој број. Произволно кажете некој број. Ученикот кој го извлекол тој

број ќе биде министер за животна средина и за животни. Другите ученици ќе бидат советници на министерот.

Секој член на советодавниот одбор треба на министерот да му предложи идеја за закон за животната средина и за животните. Предлозите треба да ја имаат следната форма:

Секој граѓанин мора…

Ниту еден граѓанин не смее…

Министерот ќе ги запише предлозите на парче картон и ќе додаде сопствен предлог. Во меѓувреме, пратениците ќе ја следат дебатата и ќе можат да им предложат дополнителни идеи на членовите на Министерството. Министерот ќе го закачи картонот на табла и ќе го претстави нацрт-законот. Секој пратеник внимателно ќе ги прочита предлозите. Ако некој не се согласува, ќе мора да стане пред одделението и да изнесе аргументи. Кој било пратеник во Собранието што не се согласува со ставот на претходниот пратеник може да стане и да зборува.

На крајот од оваа постапка, пратениците ќе треба да јавно да гласаат, земајќи збор еден по еден.

1) Дали се согласуваат со општиот дух на нацрт-законот.

2) Дали не се согласуваат со поединечни членови од нацрт-законот

Вие (наставникот) како претседавач на Собранието ќе ги запишете резултатите од гласањето.

***Забелешка:**

Ако сметате дека е погодно за овој час, можете да користите делови од специјализираниот дидактички материјал за Филозофија со деца „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

**3в. Завршни забелешки**

Дискусија за спроведениот процес и рекапитулација на темите што биле дискутирани.

**Домашна работа:**

Секој ученик ќе ја преземе улогата на репортер чија задача е да известува и коментира за законот донесен на часот и за процесот на неговото носење. Учениците можат: 1) да напишат кратка статија во која ќе го опишат процесот и ќе го додадат своето мислење; 2) да подготват кратко видео во форма на телевизиски вести, каде што ќе го претставаат законодавниот процес и ќе додадат свој новинарски коментар.

# *Сценарио 8.2.*

**Автор на сценариото:**

Деспина Верѕагиа

**Тема:**

VIII. Биоетика

**Наслов на сценариото:**

„Евалуација на етичката практика и медицинската одговорност“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Студии на случаи, картички со улоги, кутија, дидактички материјал - „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Поимно разбирање**

Учениците ќе ја разберат разликата помеѓу совршени и несовршени должности. Тие ќе ја разберат сериозноста на медицинската одговорност и донесувањето одлуки и ќе се сретнат со поими како што се: солидарност, правда и корисност. Покрај тоа, учениците ќе сфатат дека моралното донесување одлуки е сложено и на него влијаат повеќе фактори.

**1б. Вештини**

Учениците ќе евалуираат морални дејствија и ќе ја почувствуваат тешкотијата при донесувањето морални одлуки. Тие ќе развијат емпатија и ќе ги доживеат чувствата на меѓусебно разбирање, солидарност и хуманост.

2. **Корелација со други предмети/области**

**Општество:** Системот на здравствена заштита.
**Мајчин јазик:** Разбирање и анализа на текстови; аргументација.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Претставете две студии на случај од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“: една за несовршена должност (на пример: солидарност) и друга за совршена должност (на пример: да не се краде). Прашајте ги учениците дали протагонистите постапиле правилно.

Потоа прашајте ги учениците дали го пофалиле протагонистот во првата приказна (на пример: затоа што дал дел од својата сопственост на трето лице), и дали би го направиле истото со протагонистот во втората приказна (на пример: затоа што не украл).

Потоа следува дискусија за морално исправните постапки кои се за пофалба и морално погрешните постапки кои се подложни на казна. Замолете ги учениците да споделат слични лични приказни или приказни што ги слушнале од други луѓе.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

Побарајте од учениците да се поделат во две групи: лекари и пациенти. Секој од групата пациенти од кутијата ќе извлече картичка со улога со следните информации:

1) сериски број (редоследот на пристигнување во болницата),
2) сериозност на состојбата (колку итна треба да биде медицинската помош, колку е голем ризикот),
3) возраст на пациентот (бебе, дете, млад, средновечен, постар),
4) статус (на пример: научник важен за човештвото, семеен човек кој издржува други лица, самец итн.)

Лекарите ќе седнат еден до друг како да се членови на комисија. Пациентите еден по еден (според серискиот број на нивната картичка) ќе дојдат пред лекарите и ќе аргументираат зошто токму тие први треба да примат лекарска помош, врз основа на информациите што се запишани на нивната картичка. Известете ги лекарите дека можат да лекуваат најмногу тројца (3) пациенти на ден.

Лекарите ќе мораат да одлучат кои тројца пациенти ќе ги изберат за првиот ден и за оваа цел ќе одржат мал состанок. Во текот на состанокот можат да ги поканат пациентите да ја повторат својата приказна.

Еден од лекарите ќе ги објави резултатите за првиот ден и ќе ги повика првите тројца пациенти, објаснувајќи зошто ги избрале токму нив. Овие пациенти имаат право своето место да го отстапат на некој што не бил избран, откако ќе наведат причини за својата одлука (со оглед на тоа што веќе ги имаат слушнато аргументите на другите пациенти).

Истиот процес ќе се повтори за одлуката за следниот ден, сè додека не се утврди редоследот на лекување на сите пациенти, што ќе биде објавен на таблата.

Следува дискусија за критериумите што се користеле при утврдувањето на овој редослед (возраст, перспективи за иднината, придонес за човештвото, сериозност на болеста, шанси за преживување итн.).

***Забелешка:**
Ако сметате дека е погодно за овој час, можете да користите други делови од специјализираниот дидактички материјал за Филозофија со деца „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“.

**3в. Завршни забелешки**

Дискусија за спроведениот процес и рекапитулација на темите што биле дискутирани.

**Домашна работа:**

Учениците треба да напишат три случаи на пациенти, слични на оние од играта со улоги. Тие треба да замолат пет лица (родители, роднини, пријатели, соученици...) да го одредат редоследот за лечење. Учениците треба да забележат кој редослед се чини дека преовладува и да размислат дали тие самите се согласуваат со мнозинството.

# *Сценарио 9.1.*

**Автор на сценариото:**

Мартин Поповски

**Тема:**

VII. Слободна тема

**Наслов на сценариото:**

„Омилена филозофска тема“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Табла, креда.

1. **Очекувани резултати**

**1а. Вештини**

Учениците ќе го зајакнат чувството на самопотврдување како независни мислители со автентични интереси, погледи и ставови; ќе ја подигнат свеста за сопствениот раст како мислители и личности воопшто; ќе го негуваат и развијат чувството на зачуденост; ќе развијат вештини на критичко и креативно мислење и аргументација; ќе ги развијат способностите за слушање, разбирање и почитување на погледите и ставовите на другите ученици.

2. **Корелација со други предмети/области**

Овој час има потенцијална корелација со сите други предмети од наставниот план, затоа што учениците слободно ги избираат темите за дискусија.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Ако е возможно учениците нека седнат во круг, каде што вие, наставникот, исто така ќе бидете дел од кругот, што остава впечаток дека играте еднаква улога како и учениците во истражувачката заедница.

Иницирајте кратка дискусија поставувајќи го прашањето: Дали е можно да се води филозофска дискусија за која било тема? Секој ученик нека ја именува својата омилена активност (некои од одговорите би можеле да бидат: спортување, колекционерство, слушање музика, дружење со пријатели, гледање видеа на интернет, користење социјални мрежи...) Замолете ги учениците да размислат за филозофски проблем или тема поврзана со нивната омилена активност, имајќи ги предвид сите претходно дискутирани филозофски теми. (Некои од гореспоменатите активности е полесно да се поврзат со одредени филозофски теми - како слушањето музика со теми за убавината и уметноста. За некои други активности, пак, ќе биде потребна подлабока анализа и дискусија. Пример: спортувањето може да се поврзе со проблемот на праведноста, колекционерството со проблемот на сопственоста, дружењето со пријателите и користењето на социјалните мрежи со проблемот на вистинското пријателство, гледањето видеа на интернет со прашањето за стварноста, онлајн стварноста и медиумите итн.)

Мотивирајте ги учениците детално да го елаборираат своето мислење со тоа што ќе им поставите прашања какви што се следниве: Како се можни овие врски? Дали се работи за слаби или, пак, за силни и значајни врски? Зошто е тоа така?

Започнете кратка дискусија прашувајќи ги другите ученици дали се согласуваат или не се согласуваат со мислењата што ги споделиле нивните соученици. Прашајте ги учениците зошто се согласуваат или зошто не се согласуваат.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

**Активност 1:**

Прашајте ги учениците дали постои некој филозофски проблем што „ги мачи“, а немале можност да дискутираат за него во текот на претходните часови. Ако учениците наведат такви проблеми, разговарајте за нив со целото одделение. Ако не наведат такви проблеми, прашајте ги учениците дали сакаат дополнително да дискутираат за некои од проблемите или темите што беа изнесени во воведната активност.

**Активност 2:**

Замолете секој од учениците да ја наведе својата омилена тема или проблем за кој/а се дискутирало на некој од претходните часови и да објасни зошто ја навеле токму таа тема/проблем. Запишете ја секоја наведена тема/проблем на таблата и потоа гласајте за омилената тема/проблем. (Секој ученик гласа на тој начин што ќе распредели 3, 2 и 1 поен за своите три омилени теми). Темата/проблемот што ќе собере најмногу поени е избран/а за повторна дискусија.

* Забелешка: Спроведувањето на првата активност е задолжително, додека втората се спроведува единствено ако остане доволно време, затоа што главната цел на оваа тема е учениците да го зајакнат чувството на самопотврдување како независни мислители со автентични погледи и мненија. Нивната автентична филозофска заинтересираност е најважна.

**3в. Завршни забелешки**

Започнете кратка завршна дискусија за тоа како учениците се чувствувале во врска со филозофските проблеми што ги предложиле во првата активност пред да имаат часови по филозофија и како се чувствуваат сега. Дали се чувствуваат повеќе или помалку самоуверени да размислуваат за тие сложени и збунувачки проблеми?

Замолете ги учениците накратко да објаснат дали нешто се променило во начинот на кој размислуваат за својата омилена филозофска тема, наведена во втората активност, од времето кога за првпат дискутирале за неа на некој од претходните часови. Дискутирајте за причините за таквите промени.

# *Сценарио 9.2.*

**Автор на сценариото:**

Мартин Поповски

**Тема**

IX. Слободна тема

**Наслов на сценариото:**

„Што е филозофија? - Подготовка на филозофска торта“

**Времетраење:**

2 наставни часа

**Потребни дидактички материјали:**

Картончиња и фломастер, табла и креда или ИКТ (компјутер и проектор или паметна табла).

1. **Очекувани резултати**

   **1а. Вештини**

Учениците ќе развијат вештини на филозофско мислење на мета-ниво преку дискутирање и анализа на важноста на филозофските теми, нивно меѓусебно поврзување и размислување за самата филозофија. Тие ќе го зајакнат чувството на самопотврдување како независни мислители со автентични интереси, погледи и ставови; ќе ја подигнат самосвеста за сопствениот раст како мислители и личности воопшто; ќе развијат вештини на критичко и креативно мислење и аргументација; ќе развијат способност за слушање, разбирање и почитување на погледите и ставовите на другите ученици; ќе ја разберат важноста на социјалната соработка при големите достигнувања на општествено, како и на лично ниво.

2. **Корелација со други предмети/области**

Овој час има потенцијална корелација со сите други предмети од наставниот план, затоа што учениците слободно ги избираат темите кои ги сметаат за значајни.

3. **Организација на активностите**

**3а. Вовед**

Иницирајте кратка дискусија прашувајќи ги учениците што, според нивното мислење, е филозофијата, сега кога ја привршуваат програмата по овој предмет.

**3б. Главен дел: Аргументација и развивање на поими**

Замолете ги учениците да запишат две филозофски теми кои ги сметаат за најважни од темите за кои дискутирале во текот на претходните часови. Додека секој ученик ги објаснува двете свои избрани теми, вие запишете ги на таблата. (Темите што се повторуваат треба да се запишат само еднаш). Ако е возможно, користете ИКТ (компјутер и проектор или паметна табла) за да креирате Excel табела која постојано ќе може да се пополнува и да се менува за време на часот.

Прашајте ги учениците дали некои од темите запишани на таблата можат да се соединат во една тема. Пред да ги соедините некои од темите од таблата, замолете ги учениците да елаборираат зошто мислат дека некои од темите би можеле да се соединат и започнете дискусија за тоа дали соединувањето на тие теми е оправдано. Продолжете со соединувањето само ако за тоа меѓу учениците постои широк консензус.

Започнете дискусија за тоа како соединетите теми би требале да се именуваат. (На пример: филозофските теми од областа на етиката можат да се групираат заедно. Истото важи и за другите филозофски дисциплини. Имајте предвид дека имињата на соединетите теми не мора прецизно да се формулираат како „етика“, „естетика“ , „онтологија“ итн. Со согласност на учениците, групите би можеле да се именуваат како „Теми за добрината и доброто однесување“, „Теми за убавината и уметноста“, „Темите за постоењето“ итн.). Нумерирајте ги темите така што пред нив ќе ги напишете броевите 1, 2, 3...

Замолете ги учениците да излезат пред таблата. Кажете им дека сите заедно ќе го составуваат „Рецептот за филозофската торта“. Најпрвин побарајте од секого поединечно да напише поени во колоната со своето име на врвот, веднаш до темите што се запишани на таблата во поглед на нивната важност. (На пример: ако има 10 теми, тие треба да дадат 10 поени на онаа што ја сметаат за најважна, 9 поени за втората по важност и така натаму.)

Пред учениците да го внесат во табелата своето рангирање на темите, земете картончиња со по еден број напишан на нив кој соодветствува на бројот на една од наведените теми на таблата. Картончињата распоредете ги на различни места низ училницата. Откако учениците ќе завршат со рангирањето на темите, замолете ги да седнат покрај картончето кое ја претставува темата на која ѝ дале најмногу поени, така што на крајот од вежбата ќе се образуваат групи на ученици.

Поттикнете дискусија со тоа што ќе ги прашате групите зошто мислат дека темата на која ѝ дале најмногу поени е најважна. Прашајте ги другите групи зошто не се согласуваат.

Продолжете ја дискусијата со тоа што поединечно ќе ги прашувате учениците за нивното рангирање на темите и зошто сметаат дека одредена тема е најмалку важна.

По дискусијата, дајте им можност на учениците да го променат сопственото рангирање, ако тоа го сакаат, како и да седнат во некоја друга група ако го промениле своето мислење за најважната тема.

Соберете ги поените на учениците за секоја тема за да го добиете „Рецептот за филозофската торта“. Заедно со учениците изведете го заклучокот за тоа од што е направена највкусната „Филозофска торта“. (На пример: 96 грама „добрина и добро однесување“, 83 грама „убавина и уметност“, 70 грама „знаење и перцепција“ и така натаму). Посочете дека состојките на тортата се исто така и визуелно претставени во училницата преку групите што учениците ги имаат оформено. Тие имаат различни мислења, но конечниот вкусен филозофски десерт може да се „испече“ единствено кога работат сплотено и се забавуваат размислувајќи заедно.

**3в. Завршни забелешки**

Седнете ги учениците во круг, каде што вие, наставникот, исто така сте дел од тој круг.

Поттикнете кратка, завршна дискусија за тоа што учениците мислат дека е филозофијата, сега кога ја имаат завршено програмата по овој предмет. Како се чувствуваат во однос на филозофирањето? Дајте им можност на учениците да зборуваат за тоа што им се допаднало или што не им се допаднало во врска со часовите по филозофија што сте ги имале заедно.